4.9. Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и доколку инвеститорот сам не обезбеди, не може да се утврдат услови за градба за истата.

4.10. Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрично напојување, фиксна телефонија и друго) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи.

4.11. Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад, кој ќе се одлага, во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

4.12. При изградба на нови градби во целост да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива со која се регулира изградбата на објектите.

4.13. При спроведување на Општ акт за село Конопница, во чиј плански опфат има води, како добра од општ интерес во сопственост на РМ, да се почитува нивната посебна заштита на начин и под услови одредени со Законот за води (СЛ. Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13 и 163/13). Согласно Законот за води, во населените места, ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на Општините и советот на град Скопје, на предлог на Градоначалникот на Општините и на градот Скопје по предходна согласност на органот државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Реализацијата на општиот акт во крајбрежниот појас од 50 м е условена со реализација на наведените обврски од Законот за води.

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитната зона на водотеците (речните корита и другите поголеми отворени површини) во планските опфати кои се опфатени со овој ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, за истиот треба да се побара согласност од органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина - сектор за води.

4.14. Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат, кои не се опфатени со овие Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите во рамките на дефинираните наменски зони со овој ОПШТ АКТ за СЕЛО, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

4.15. При спроведување на Општ акт за село Конопница, во целост да се почитуваат одредбите од Законот за јавните патишта (СЛ. Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13 и 42/14) во однос на државните патишта кои поминуваат или го тангираат планскиот опфат.

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на државните патишта постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овој ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежниот орган кој раководи со државните патишта - Јавното претпријатие за државни патишта, за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.16. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на железница во целост да се почитуваат одредбите од Законот за сигурност во железничкиот систем и Закон за железничкиот систем (СЛ. Весник на РМ бр.47/10) во однос на заштитниот појас на железничката пруга која поминува или го го тангира планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на железничката пруга е условена со реализација на наведените обврски од Законот за сигурност во железничкиот систем и Закон за железничкиот систем (СЛ. Весник на РМ бр.47/10).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на железничката пруга постојна или планирана, во планските опфати кои се предмет на овој ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од ЈП Македонски железници. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.17. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на гасовод во целост да се почитуваат одредбите од од Законот за енергетика (СЛ. Весник на РМ бр.63/06, 36/07 и 106/08) регулирано со Правилникот за технички услови нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (СЛ. Весник на РМ бр.16/85 и 18/97) и Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари (СЛ. Весник на РМ бр.100/09) во однос на заштитниот појас (2х30м) на гасоводот кој поминува низ планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на гасоводот е условена со реализација на наведените обврски од Правилникот за технички услови нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (СЛ. Весник на РМ бр.16/85 и 18/97) и Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари (СЛ. Весник на РМ бр.100/09).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на гасоводот постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овој ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежното ЈП кое стопанисува со гасоводот. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

4.18. При спроведување на Општ акт за село Конопница, доколку во опфатот поминува траса на далекувод за електрична енергија во целост да се почитуваат одредбите од Законот за енергетика (СЛ. Весник на РМ бр.63/06, 36/07 и 106/08) регулирано со Правилникот за технички норми за изградбана надземни електро-енергетски водови од 1КВ до 400КВ (СЛ. Весник на СФРЈ бр.65/88 и СЛ. Весник на СРЈ бр.18/92), а во однос на заштитниот појас на далеководот кој поминува низ планскиот опфат.

Реализацијата на општиот акт во заштитниот појас на далеководите е условена со реализација на наведените обврски од Правилникот за технички норми за изградбана надземни електро-енергетски водови од 1КВ до 400КВ (СЛ. Весник на СФРЈ бр.65/88 и СЛ. Весник на СРЈ бр.18/92).

За секоја КП - идна ГП која припаѓа во заштитниот појас на далековод постоен или планиран, во планските опфати кои се предмет на овој ОПШТ АКТ за село Конопница, ко Конопница, а за истата се разработува со Архитектонско Урбанистичкиот Проект, од надлежното претпријатие стопанисува со далеководите за електрична енергија. за истиот треба да се добие позитивно мислење-согласност.

5. Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со овој ОПШТ АКТ за СЕЛО Конопница, ко Конопница, Општина Крива Паланка, сите изградени комунални инфраструктурни мрежи (водовод, фекална канализација, електрично напојување, фиксна телефонија и друго), потребно е да овозможат прклучок на секој објект на истите мрежи.

Доколку се утврдат потреби за напојување на капацитети со кои се надминува капацитетот на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објекти ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, што е во склад со член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14 и 44/15).

6. Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор

Со ОПШТИОТ АКТ за СЕЛО КОНОПНИЦА најголемиот дел од површините се планирани со **група на класи на намени за домување - А** (84,54%), поточно основна класа на намени: **домување во станбени куќи со посебен режим -А0, домување во станбени куќи-А1 и групно домување-А3.**

Во рамките на класата на намена: домување во станбени куќи-**А1** се дава

можност за организирање на селско-стопански двор. Така во состав на ГП покрај објектот за домување, можат да се планираат за градење помошни градби - објекти кои се во функција на селско - стопански двор (штали, складишта, гаражи, настрешници за механизација и слично).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето) кои ги детерминираат условите за изградба на градежните парцели со намена **А1**- домување во станбени куќи со селско - стопански двор, не ги опфаќаат површините на помошните градби во функција на селско - стопанскиот двор.

7. Опис на постојните основни влезни и излезни сообраќајни правци и сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување

Селото Конопница се наоѓа западно од градот Крива Паланка, на некои 1,9 км од него, од централниот дел на градот, на левата страна на течението на Крива река, на самиот прелаз на речната долина во ридско-планинските предели, под северозападната падина на планината Конопница. Од сите четири страни атарот на село Конопница гранчи со атарите на соседните села и тоа: од север со КО на село Т'лминци-дел, на дел од север со КО на село Градец , од североисток и исток со КО Крива Паланка и КО на село Мартиница. Од југоисток и дел од југ граничи со КО Дурачка река, на дел со КО на село Дренак и КО на село Борово, а од запад со КО на село Можди̇вњак.

Населеното место - селото Конопница има добра географска положба и голема сообраќајна поврзаност во однос на градот и непосредните населени места во пошироката оклина на тој дел од Општината.

Така, од северната страна на планскиот опфат 1- село **поминува** во правец исток - запад категоризиран државен пат - А2, делница Куманово - Страцин - Крива Паланка - граница со Р Бугарија (граничен премин Деве Баир), кој го сечи просторот во планскиот опфат на два дела. Истиот влегува од источната страна помеѓу прекршните точки 91 и 92 продолжува низ планскиот опфат према запад и истиот го напушта во западната страна помеѓу прекршните точки 163 и 164.

Во планскиот опфат 1 - село поминува еден општински патен правец и тоа како општинскиот пат Крива Паланка - Конопница - Можди̇ањак во правецот исток и запад, а во планскиот опфат влегува од источната страна помеѓу прекршните точки 83 и 84 продолжува низ планскиот опфат према запад и истиот го напушта во западната страна помеѓу прекршните точки 164 и 165.

Други поважни сообраќајни правци кои поминуваат низ планскиот опфат и се задржуваат, се трите некатегоризирани патни правци превземени од предходната урбанистичка документација и тоа:

- некатегоризиран пат кој води према јужниот дел, према дел од маалата и планината, а излегува од планскиот опфат помеѓу прекршните точки 56 и 57,
- некатегоризиран пат кој води исто према јужниот дел према маалата и планината, а излегува од планскиот опфат помеѓу прекршните точки 50 и 51 и
- некатегоризиран пат кој води према југозападниот дел према маалата и планината, а излегува од планскиот опфат помеѓу прекршните точки 45 и 46;

Сите овие сообраќајни правци кои се присутни во планскиот опфат 1-село и ја задржува постојната траса-правец и во постојните граници, оформувајќи дел од наменската зона Е-инфраструктура (Е1-сообраќајна инфраструктура).

8. Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање стационарниот сообраќај

Стационаниот сообраќај - паркирањето и гаражирањето да се решава во рамките на сопствената парцела. Потребниот број паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14,125/14 и 148/14).

Како основен услов за изградба до максимално дозволената површина за градба и максимална висина до хоризонтален венец, е обезбедувањето на потребниот број на паркинг места.

Друг основен услов за оформување на идна ГП од постојните катастарски парце-

ли е да се има непосреден колски пристап од постојните сообраќајни површини (постојни улици) до идната ГП или ако инвеститорот сам си обезбеди колски пристап до новата ГП од постојната сообраќајна површина. Истиот колски пристап да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14,125/14 и 148/14), во спротивно, не може да се утврдат услови за градба.

Г. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Согласно на изнесеното во претходните поглавја, произлегува дека во планскиот опфат кој е предмет на разработка - урбанизирање, со овој ОПШТ АКТ за СЕЛО КОНОПНИЦА, Општина Крива Паланка, со вкупната површина на планскиот опфат од 389,500 ха планирани се следните наменски површини за изградба на градби и користење на просторот во нив со следните групи на класи на намени, односно следните основни класи на намени заедно со компатибилни класи на намена и останати пропратни комунални и инфраструктурни содржини за функционирање на населеното место-село Конопница:

1. **А-домување..... 347,455 ха (85,20%)**
2. **Б-комерцијални и деловни намени..... 2,835 ха (0,70%)**
3. **В-јавни институции..... 1,544 ха (0,38%)**
4. **Г-производство, дистрибуција и сервиси.... 11,736 ха (2,88%)**
5. **Д-зеленило и рекреација..... 13,290 ха (3,26%)**
6. **Е-инфраструктура..... 11,145 ха (2,73%)**
7. **јавна површина во плански опфат (водотеци и отворени канали)..... 19,802 ха (4,85%)**

плански опфат вкупно: 407,807 ха (100,00%)

2. БИЛАНСНИ СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ

ред. бр.	Група на класи на намена	документациона основа	планиран развој	разлика во ха и %
1.	**А- ДОМУВАЊЕ**	**95,500 ха**	**347,455 ха**	**251,955 ха (+ 327,02%)**
2.	**Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ и ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**	**0,125 ха**	**2,835 ха**	**2,710 ха (+ 2.168,56%)**
3.	**В- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**	**0,350 ха**	**1,544 ха**	**1,194 ха (+1.079,14%)**
4.	**Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ**	**3,509 ха**	**11,736 ха**	**8,227 ха (+ 234,45%)**
5.	**Д- ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА**	**2,119 ха**	**13,290 ха**	**11,171 ха (+ 527,18%)**
6.	**Е- ИНФРАСРУКТУРА**	**13,700 ха**	**11,145 ха**	**-2,555 ха (- 18,65%)**
7.	**ВОДОТЕЦИ И ОТВОРЕНИ КАНАЛИ-ДОЛОВИ)**	**21,370 ха**	**19,675 ха**	**-1,695 ха (- 7,34%)**
8.	**НЕИЗГРАДЕНИ СЛОБОДНИ ПОВРШИНИ**	**271,134 ха**	**/**	**0,00 /**
	ПЛАНСКИ ОПФАТ ВКУПНО:	**407,807 ха**	**407,807 ха**	**/ (0,0**

30 јуни 2015 год.
П Р И Л Е П

составил:
ДРАГАН ДИМЕСКИ, диа

ПРИЛОЗИ НА ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за канализациона мрежа, КО Конопница

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y38723

Скопје, октомври 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за канализациона мрежа, КО Конопница

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Крива Паланка

Тех.бр. Y38723

Раководител на задачата:
Владимир Кузмановски, д.ек

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.
Раководител на одделение за спроведување на просторни планови

Агенција за планирање на просторот

Директор
м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, октомври 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за канализациона мрежа, КО Конопница

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.**

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со *урбанистички планови за населените места* и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава *Решение за Услови за планирање на просторот.*

Условите за планирање на просторот се наменети за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка.

Вкупната должина на трасата изнесува приближно 8,2 km. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 8,03 km.

Останатиот дел од трасата поминува низ издадени Услови за планирање на просторот за Локална депонија за одлагање на неопасен отпад и згради за ветеринарна заштита: стационари и ординации за домашни миленичиња во место викано Габрика, КО Конопница, Општина Крива Паланка, со тех.бр. Y37823.

Трасата се сече со траси за коишто се издадени:

- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со кабел на подрачјето: Деве Баир-Ќафа Сан, со тех.бр. Y07705.
- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна инфраструктура за оптички кабел на трасата Н. Ст. Петровец, Скопје, Куманово, Граничен премин Табановце и Куманово, Крива Капанка, Граничен Премин Деве Баир со тех.бр. Y20407.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции,* односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство *и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.*

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на *унапредувањето и заштитата на животната средина.* Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Оптички кабел-Y20407

Подземна мрежа со кабел-Y07705

Стационари и ординации за домашни миленичиња-Y37823

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Конопница, Општина Крива Паланка се наоѓа југозападно од населено место Крива Паланка на надморска височина од 560-700 m.

Геолошки и инженерско - геолошки карактеристики

Геолошкото минато на Осоговијата, почнувајќи од палеозоикот па се до дилувиумот таа била опфаќана со хоризонтални и вертикални тектонски движења кои ја набрчкувале, издигале и раздробувале. Тие движења предизвикале раседи и вулкани, низ кои се излила магма.

Осоговијата е составена од разновидни карпи. Во нивниот состав учествуваат архајски и палеозојски шкрилци, постари и помлади еруптивни карпи, палеогени и неогени седиментии дилувијални и алувијални творби.

Еруптивните карпи содржат значително количество на разновидни руди, а соодветен процент на руди содржат и кристалести шкрилци.

Теренот на кој лежи предметната локација е од алувијални и делувијални седименти, слабо консолидиран терен Алувијалната рамнина на Крива Река настанала од акумулативната работа на реката и нејзините притоки.

Клима

Просторот е под непосредно влијание на умерено-континентална клима, што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Просечна годишна температура изнесува 10.0°C и годишна амплитуда од 20,4^{0}C. (апсолутен мин. - 20,6°C, апсолутен макс. 37,3C). Во текот на годината најтопол месец е јули со просечната вредност на температура од 19,8^{0}C, а најстуден месец е јануари со просечна вредност од - 0,6°C. Може да се констатира дека климата во регионот се одликува со умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечна годишна количина на врнежи изнесува 624,5mm, најврнежлив е месец мај со 72,7mm. просечен број на снежни денови е 31, а максимална снежна покривка достига 55sm.

Воздушните струења се чести и интезивни од североисток (633‰) и југозапад (225‰). Просечна годишна брзина на воздушните струења изнесува 2,9m/s. со максимална регистрирана брзина од 19,0m/s. Се јавува преку целата година, со најголема зачестеност од јули до октомври.

Северниот и јужниот ветер се со мала зачестеност од 27‰, односно 23‰, со просечна годишна брзина од 2,7m/s, односно 5,4m/s.

Источниот е со зачестеност од 24‰, а западниот со зачестеност од 18‰.

Поради големата зачестеност на ветровите во оваа подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрираат 13 денови со магла, и тоа главно од ноември до март, а некои години се јавува од септември до мај.

Број на сончеви саати во околината изнесуваат над 2300 часа. Просечен број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101ден. Просечн годишна влажност на воздухот е 68%.

Податоците се од мерна станица Крива Паланка.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на *економските дејности* во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Крива Паланка со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Северната" развојна оска која се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга- Охрид- Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- Куманово- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан-Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Развојот на инфраструктурните и супраструктурни системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој и разместеноста на производните и услужни дејности. Реализацијата на документацијата наменета за за

канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка, ќе биде во функција на развој на комуналните дејности и согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на

Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите на населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка, се наоѓа се наоѓа во водостопанското подрачје „Пчиња" кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од Македонско -Српската граница до вливот во реката Вардар.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП „Пчиња" регистрирани се 614 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во

речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. За сливот на реката Пчиња кај водомерниот профил „Пелинце" изнесува 8,5 л/сек/км^2, кај в.п. „Трновец" 6,8 л/сек/км^2 и кај в.п. „Катлановска Бања" 4,5 л/сек/км^2.

За подобрување на режимот на површинските водотеци и целосно искористување на нивниот хидропотенцијал, во ВП „Пчиња" изградени се акумулациите Липково и Глажња на Липковска Река. Основна намена на водите од акумулациите е наводнување на обработливите површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси. За идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите Слупчане на Слупчанска Река, Вакуф и Длабочица на Крива Река и акумулацијата Пчиња на река Пчиња.

Друг значаен ресурс на води се подземните води чија издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитетот со кој најчесто се одликуваат може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Пчиња" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Куманово - Кратово.

Трасата **за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка** се наоѓа во сливот на планираната акумулација Длабочица на Крива Река. Максималното ниво на водата во акумулацијата се предвидува на кота 558,0 м.н.в. Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти во сливното подрачје на акумулацијата. Во сливот на предвидената акумулација забрането е да се изведуваат работи кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност.

Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV преносни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата со намена канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Така постојниот преносен 110 kV далновод Кратово-Крива Паланка минува на 0,2km јужно од оваа локацијата.

Гасоводи и нафтоводи

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденият крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Трасата на постојниот магистрален гасовод ја сече трасата наменета за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка. При натамошната изработка на урбанистичката и проектна документација, треба да се почитува "Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" како и другите позитивни закони и правилници кои ги обработуваат безбедноста при транспорт со гасоводи.

Со Просторниот план на Република Македонија планиран е нафтоводот АМБО (Балкански нафтовод-продуктовод Бургас-Драч) кој низ Републиката ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Но заради заштита на Охридското Езеро, сливните подрачја на постојните и планирани акумулации, на површинските водотеци и за заштита на

природните реткости и други стратешки простори, предложен е нов порационален коридор.

Новиот коридор на планираниот нафтовод АМБО минува 1,6km северно од локацијата.

Новопредложениот коридор на АМБО во РС. Македонија почнува од Деве Баир на Македонско-Бугарската граница продолжува кон Крива Паланка - Свети Николе - Велес - Крушево - Богомила - Сопотница - Ботун и кај Лакаица влегува во Албанија. Овој коридор е усвоен на осумдесет и шестата седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.05.2004 год.

Точната траса на нафтоводот ќе биде дефиниран со изработка на урбанистичката и проектна документација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на *населението*.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека *популациската политика преку систем на мерки и активности* треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне *оптимализација во користењето на просторот и ресурсите*, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на населените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Иницијативата **за поставување на линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка,** би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, **инфраструктурна опременост** и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на градските населби, дефинирани во Просторниот план:

- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- зголемување на степенот на екипираност на општинските центри со функции и дејности од доменот на јавните функции, услугите и **инфраструктурата;**
- оптимална функционална екипираност усогласена со идните потреби на корисниците;
- развој и екипирање на градските населби согласно предвиденото место и улога во системот на централните населби;

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот план, за комплекси од ваков тип треба да се почитува:

- избор и распоред на активности согласно природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
- бесправната градба;
- стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
- заштита на создаденото и природното богатство;
- насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, **водостопанството,** шумарството и заштитата на животната средина.

Домување

Во Просторниот план на Република Македонија, функцијата **домување** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот

развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- Обезбедување стан за секое домаќинство;
- Подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- **Поставување на линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка**;
- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- Замена на субстандардниот станбен фонд;
- Организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- Обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба;
- Користење на градежни материјали без негативни влијанија врз квалитетот на водите;
- Изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Иницијативата **за поставување на линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка, е во функција на обезбедување на поквалитетен стандард на домување, кој се остварува преку прочистување на отпадните води од зоните со намена домување до рецепиентот.**

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет. Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции на организирање и финансирање на овие дејности.

Локацијата наменета **за поставување на линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка**, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба така што **нема препораки и обврски за организација на јавни функции на локацијата**, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на *индустријата* претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на

производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Реализацијата на документацијата наменета за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка, ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за обавување на производните активности во ова подрачје. Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите на заштита на животната средина и одржлив развој.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку *системот за сообраќај и врски* врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега

изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта *"Е"* ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: *Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.*

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

Местото викано Трнци е дел од с. Конопница и е лоцирано на десетина километри западно од градот Крива Паланка. Во Трнци има изведена водоснабдителна мрежа и тоа како директна линија разграната од градскиот водовод. Канализациона мрежа за отпадни води во Трнци воопшто нема изградено. Одведувањето на отпадните води се прави преку неадекватно изведени септички јами или директно испушање во некои долови.

Општина Крива Паланка е во фаза на изработка на проектна документација за главна пречистителна станица за отпадни води и за продолжување на главниот лев фекален за град Крива Каланка. Според идејната замисла пречистителната станица е предвидено да биде кај местото Длабочица а продолжувањето на главниот лев фекален колектор треба да поминива покај Крива Река , а во близина на Трнци.

Врз основа на проектната задача добиена од инвеститорот Општина Крива Паланка изработен е *Идеен проект за изградба на канализација за отпадни води за м.в. Трнци, с. Конопница, Општина Крива Паланка*

2.2 Користени постоечки податоци, извештаи и друга техничка документација

При изработката на Идејниот Проект користени се следните геодетски подлоги и карти во различни мерила, а извршено е геодетско мерење на трасите на терен.

- Топографска арта во размер М=1:25000
- Ситуација М=1:1000 на каналската мрежа
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени –Ажурирана геодетска подлога , КО Конопница изработен од ДПТУ АЛФА-ГЕОДЕТ ДООЕЛ Скопје заверен под деловоден бр. 08-143/3-2023

ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

3

3.1 Проектирана состојба

Со изградбата на на канализација за отпадни води за м.в. Трнци, с. Конопница, Општина Крива Паланка ке се овозможи приклучување канализациона мрежа на објектите од овој дел од с. Конопница.

Канализацијата е проектирана за период од 30 години и е од сепаративен тип, односно фекален, без прифаќање на атмосферски и подземни води .

Теренот во овој дел е со таква конфигурација што овозможува гравитачно собирање и одведување на водите. Подолжниот наклон, а со тоа и длабочината на вкопување зависи од конфигурацијата на теренот.

По должина на колекторот предвидено е да се постават ревизиони шахти. Истите вообичаено се поставуваат на места каде што:

- има промена на трасите во хоризонтален и вертикален правец
- има влевање на два и повеќе канали во една јазелна точка
- има промена на дијаметарот на цевките
- има потреба од намалување на длабочината на вкопувањето на каналите
- од конструктивни причини е потребно вршење на ревизија на мрежата на одредени растојанија, како и приклучување на поедини објекти.

3.1.1 Траса, нивелета, материјал и профил на цевките

При трасирањето на канализационата линија проектантот се водеше од следните начела и принципи:

- Трасата на канализацијата се води по гравитачен пад.
- Трасата на канализацијата се води да се намали обемот на експропријација секаде каде е можно.

Трасата е поделена во две независни целини , а двете неазвисни целини завршуваат покрај Крива Река и едната целина завршува со ревизиона шахта РШ 26 од крак К1 , втората целина од трасата завршува со ревизиона шахта РШ 142 од крак К3. Овие две завршни шахти е предвидено да се приклучат на иден лев фекален колектор за град Крива Паланка чие продолжување е во фаза на изработка на проектна документација.

Предвидени е вкупно шеснаесет краци, од крак К1 , крак К2, крак К3 и К4 се главни краци на кои се приклучуваат соодветно секундарни краци. Секундарните краци К11, К12 ,К13 и К1.4 се приклучуваат на крак К1, краците К21, К22 и К23 4 се приклучуваат на крак К2,

кракот К31 се приклучува на крак К3 и краците К41, К42 ,К43 и К4.4 се приклучуваат на кракК4.

Предвидени се двослојни ребрасти канализациони цевки PP-HM, внатрешно мазни надворешно ребраста класа SN10 изработена од полемерен кополимер со висок модул на еластичност (PP-HM). Предвидени се дијаметри на цевки надворешен профил DN250 и DN200 . Цевките треба да ги задоволуваат стандардите EN 9969 и EN 13476-3.

Нивелетите и падовите на цевководите се даден во надолжните профили. Падовите се се движат во граници од 0.5 % до 12.0% за дијаметар на цевководи DN 250 и 0.5 % до 12.0% исто така за дијаметар на цевководи DN 200.

Профилите на цевките со соодветна должина се следни:

Должини на цевки

Тип на цевки	Должина (m)
PP-HM SN10 DN250	4581.00
PP-HM SN10 DN200	3627.80
Вкупно	8207.80

3.1.2 Претходни работи

Пред отпочнување со работите, односно со изведување на инсталацијата, потребно е на комуналната организација да и се предаде проект во два примероци за одобрување.

Еден одобрен примерок му служи на изведувачот на работите како дозвола за изведување и мора да биде на градилиштето.

Изведувачот на работите е должен во целост да се придржува на одобрениот основен проект. Тој е должен , пред отпочнување со работите , да ги провери сите висински коти и да спореди со стварната состојба на градилиштитето и со надзорниот орган да ги реши сите евентуални проблеми и да изготви изведен проект.

Пред секоја евентуална измена на работите, изведувачот е должен да го извести надзорниот орган кој пак ја известува комуналната организација за намерите на измената.

3.1.3 Земјани работи

Пред почетокот на градбата потребно е градилиштето да се осигура со сигурносна мрежа, ограда, сигнализација и се останато што се бара со прописите за сигурност кај градежните работи. Осигурување на градилиште се поставува на места каде што е предвиден сообраќај на пешаци, велосипедисти и возила на моторен погон.

Пред да се отпочне со копањето на ровот, потребно е истиот да се обележи, како и местата каде има подземни инсталации. Задолжително при изработка на канализационата мрежа треба да се отпочне од најнискиот дел.

Ископот на земја предвидено е да се извршува машински и рачно со правилно отсекување и планирање на бочните страни и дното на ровот. Машински ископ можно е да се изведе на комплетната траса од проектираните канали, освен на места кои ја тангираат останатата инфраструктура. Таму е предвидено бушење и рачен ископ кој е посебно потребен на местата на вкрстување и во директна близина на објектите.

Предвиден е претежно тесен ископ (кај асфалтните патишта и кај паралелните линии со постоечката инфраструктура) и широк ископ на терен-трева или пат земја-шљунак. Проектираната ширина на ископ зависи од димензијата на цевките. Во случај да геомеханичките услови не дозволуваат широк ископ, треба да се изведе тесен ископ.

Ископаната земја да се отфрли најмалку до 1.0 m од ивицата на ровот поради обезбедување од обрушување. По потреба, ровот треба да се разупира. Местата на ровот каде што треба да се врши разупирање или подградување на истиот на лице место треба да ги определат надзорниот орган и изведувачот на работите подетално. Начинот на разупирање и подградување потребно е да се изврши според нацртите дадени во овој проект.

При ископот на ровот потребно е дното во целост да биде изведено според проектираниот пад и да се задржат проектираните коти.



Попречен пресек на ров

$$B = d + 2 \cdot b + 2 \cdot s$$

Широчината на ровот во најнискиот дел се определува од следниот израз:

каде што е:

-*B широчина на ископ на ровот*

-*d* надворешен дијаметар на цевководот,

-*b* слободна широчина од двете страни на цевководот усвоена 30**см.**

-*s широчина на поодградата за ровови поголеми од* **2.0 м.**

По планирањето на дното на ровот се предвидува да се постави слој песок како што е прикажано во цртежот за попречен пресек на ров за полагање на канализациони цевки.

Поставувањето на цевките во ровот може да отпочне откако надзорниот орган ќе констатира дека ровот е правилно изведен според проектот. Сите делови на цевки – внатрешни и надворешни површини – потребно е да се проверат и исчистат пред спојувањето. Жлебовите на спојките не смеат да бидат загадени. На крајот на цевката се употребува лубрикант.

По полагањето на цевките во ров и нивното спојување, се отпочнува со рамномерно затрупување со пробрана земја од ископот од двете страни на цевката до 30 см над темето на истата.

Со полагањето и засипувањето на цевките во ровот се создава латерален бочен притисок на цевката од земјата.

Цевките треба да се засипуваат во слоеви од најмногу 30 cm со земја која е погодна за насипување. Секој слој е потребно да се консолидира и во исто време од двете страни на цевката да се спречи негово движење. За консолидација (набивање) се препорачува да се употребуваат лесни вибро набивачи (максимална работна тежина 0,3 kN) или вибро плочи (максимална работна тежина од 0,1 kN).

Материјалот кој треба да се земе во предвид за засипување потребно е да ги исполнува следните услови:

- не треба да содржи камен материјал, зрна не поголеми од 32 mm – во некои случаи на помал профил на цевки се препорачува зрната да бидат уште помали
- треба да биде добро стислив, некохезивен и добро да ги пренесува оптеретувањата
- ако е консолидиран до 95% по стандард Прокторов метод, треба да постигне најмалку 4 N/mm^2 од капацитетот.

Засипувањето надвор од зоната на цевката се врши со ископаниот материјал во слоеви со дебелина од 20cm и набивање до природен процент на збиеност (95% по Проктор). Посебно важно е да се обезбеди добро бочно консолидирање. Првиот бочен слој треба да биде поголем од радиусот на цевката за да се спречи нејзино подигање. Во извршувањето на засипувањето на каналот треба да се консултира стручно лице – геомеханика.

Делница монтиран цевковод која се испитува треба да биде дотаму затрупана да при испитувањето не се предизвика поместување на истата. Споевите на цевките не се затрупуваат за да може да се види нивниот квалитет односно констатира дека спојот е квалитетно и прецизно изведен и е водонепропуслив.

По успешно изведеното испитување и констатираната исправност на цевководот, се пристапува кон отстранување на се што послужило за осигурување на ровот, монтажа и испитување на цевките, и се отпочнува со затрупување со земја од ископот во слоеви од по 20-30 см со набивање.

Набивањето се врши се дотогаш додека не се добие првобитната збиеност на земјата но не помала од 92% од стандарден Проктор.

Хумус, отпадоци од градежен материјал, згура и камења не смеат да се употребуваат за затрупување на ров. Замрзната земја не смее да се употребува за затрпување, а исто така и замрзната подлога на ров не смее да се затрупува.

Вишокот на земја ќе се транспортира во депонија.

3.1.4 Монтажерски работи

Изведувањето на фекалната канализација може да го врши секоја работна организација регистрирана за ваков вид на работи, а под надзор на овластено лице спрема Законот за изградба.

За изведба на фекалната канализација предвидена е двослојна ребраста канализациона цевка PP-HM, внатрешно мазна надворешно ребраста класа SN10 изработена од полемерен кополимер со висок модул на еластичност (PP-HM). Предвидени се дијаметри на цевки надворешен профил DN250 и DN200 . Цевките треба да ги задоволуваат стандардите EN 9969 и EN 13476-3.

Ревизионите шахти предвидени да се изведат долж трасата на цевководите имаат функција да обезбедат непречена работа на истиот, односно негово лесно одржување. За нивно изведување не мора да се копа дополнителен ров, поврзувањето на цевководите е лесно, додека дното на шахтите се поставува на слој од песок со висина од мин. 10 cm.

Пердвидени се Полипропиленски (PP) ,каскадно ревизиони шахти , составени од елементи :

- PP база со кинета ,

- Тело изработено од PP-hm ребраста цевка со крутост SN10 , екструзионо заварени со базата , и
- PP Конус DN 1000/600,
- Внатрешни екструзионо заварени PP скали, според EN 13101(EN 14396)

Шахтата се изработува согласно стандардите EN-13598-1/2 и отпорност од површинско и сообраќајно оптоварување согласно EN-14802

Шахтите имаат армирано - бетонски прстен и гумица за прифаќање на товарите според стандардите DIN19584 и EN 124.

Шахтите треба да поседува сертификат за квалитет издаден од акредитирана европска сертификациска куќа .

Поврзувањето на цевките мора да се изведе со гумени прстени обезбедувајќи херметичко поврзување без можност за пропуштање на подземни води. Грлото на шахтите завршува со лиеножелезен капак со светол отвор Ø 600 мм од класа D400. Капаците се предвидени да бидат невентилирачки како би се обезбедило комплетна водонепропусност и навлегување на атмосферските води во канализацоната мрежа, додека на секоја 5-та шахта е предвидено вентилирачки капак со цел да се обезбеди ослободување на гасовите кои произлегуваат од отпадната вода.

Предвидени се вкупно 264 шахти. Местоположбата на ревизионите шахти е претставена во ситуација М=1:1000 и на надолжните профили М=1:100/1000.

Бројот и типот на шахтите е условен од теренските услови, прекршувањето на трасата во хоризонтален правец како и овозможување на поедноставно приклучување на корисниците.

Овој тип на шахта овозможува апсолутно заптивање. Кај овие шахти дното е предвидено со повеќе влезови, но истите ќе бидат запечатени се до понатамошно приклучување на корисниците, односно до комплетирање на предвидените фази на изградба. Овој тип на шахти овозможува и поврзување на цевководите во шахтите во телото на шахтата на било која висина.

Во делот со текстуални прилози (Прилог 3 – Табели на шахти), приложена е табела со сите шахти во која се наведени стационажата, карактеристичните коти.

По извршената монтажа на цевките, потребно е надзорниот орган во присуство на изведувачот на работите да изврши проверка на исправноста на нивелетата на цевководот.

Исто така, во присуство и на претставник на комуналната организација треба да се изврши испитување на водонепропусливоста и добро функционирање на инсталацијата. Потоа се составува записник. Испитувањето на водонепропусливоста се врши при незатрупани споеви помеѓу цевките.

3.1.5 Бетонски работи при изведба на шахти

Ревизионите шахи на врвот завршуват со армирано-бетонска плоча со димензии 1.5Х1.5х0.15м изведено од МБ 30, на која се анкерира рамката од поклопецот.

3.1.6 Завршни работи

Откако ќе се изврши затрупување на ровот, каналот и завршат сите завршни работи, изведувачот на работите бара од инвеститорот примопредавање на објектот. При прием на објектот, потребно е во комисијата за примопредавањето да биде и еден претставник од комуналната организација која ќе стопанисува со објектот.

ХИДРАУЛИЧКИ ПРЕСМЕТКИ 4

Хидрауличката анализа е насочена кон димензионирање на колекторскиот систем, односно определување на дијаметрите и хидрауличките параметри на цевководите. Димензионирањето на цевководите е извршено за максималната проектирана часова количина на отпадна вода за крајот на анализираниот екслпоатационен период.

4.1 Проектни критериуми при анализа на колекторскиот систем

Дозволени брзини во канализационите колектори (мин. / макс. брзина)

Каналските води во себе содржат разни органски и неоргански материи кои според својата специфична тежина можат да лебдат или пак да се влечат, односно таложат по дното на канализационите колектори. Минималната брзина во цевководите треба да овозможи транспорт на сите материи кои се наоѓаат во отпадната вода, односно да овозможат т.н. самопречистување на колекторите и да спречат појава на таложење во самите колектори. Што се однесува до максимално дозволените брзини во канализационите системи, истите се утврдуваат со цел да не дојде до механичко оштетување на цевководите или пак оштетување на спојните елементи. Усвоено е минималната брзина на цевководите да изнесува Vmin.=0.5 m/s додека максималните да не преминуваат над Vmax.=5.0 m/s.

Минимален дијаметар на колекторот и растојание помеѓу ревизиони шахти

Минимален дијаметар за канализационата мрежа е усвоен DN 250 за примарна и DN 200 за секундарна мрежа. Ревизионите шахти се поставени на секое прекршување на трасатса на краците како во хоризонтален така и во вертикален правец.како и на места каде се спојуваат два или повеќе краци . Максималното растојание помеѓу ревизиониште шахти не надминува 50.0 m.

Полнеж во канализационите цевковод

Течењето во гравитационите канализациони системи е течење со слободно водно ниво. Ваквото течење е неопходно за да се обезбеди правилно поврзување на куќните приклучоци, транспортирање на пливачките материи, обезбедување на аерација на цевководите и сл. За да се обезбедат овие функции се ограничува полнежот на канализационите цевководи. Имено, полнежот во цевководите претставува однос помеѓу висината на водата и висината на цевководот (h/D). За кружни цевководи за фекална канализациона мрежа се препорачуваат следните полнежи.

Минимални и максимални полнежи во гравитационен канализационен систем

Дијаметар на цевковод	Полнеж
D 160 - 300 мм	h=0.60*D
D 350 - 450 мм	h=0.70*D
D 500 - 900 мм	h=0.75*D

h - полнеж
D - дијаметар на цевководот

4.2 Определување на меродавен број еквивалент жители

Моменталниот број на жители е одреден према бројот на изградени објекти помножен со просечен број од 4.5 члена на објект.

$N_0 = 200 * 4.5 = 900$ жители

За прираст на населението е земен процент 1.0%.

Меродавниот број на жители за крајот на експлоатациониот период (30 години) е пресметан согласно следната релација:

$$N = N_0 * \left(1 + \frac{P}{100}\right)^n = 900.0 * \left(1 + \frac{1}{100}\right)^{30} = 1213.06$$

No – моментален број на жители

p – прираст на население

n – експлоатационен период

Усвоен е следниот меродавен број на жители:

$N_{usv} = 1214$ жители

Вкупниот број на жители изнесува 1214. При димензионирањето на поединечните делови од краците ке се смета соодветниот број на жители кои припаѓа на тој поединечен дел.

4.3 Определување на канализациона одводнителна норма

Одводнителната канализациона норма се дефинира како среднодневна количина на отпадна вода која ја генерира еден жител во текот на еден ден. Нејзината големина зависи од повеќе фактори, меѓу кои: стандардот на живеење, цената и квалитетот на водата за пиење, климатските карактеристики на регионот, санитарната опременост на домаќинствата, степенот на изграденост на комуналната инфраструктура и друго. Во праксата, одводнителната норма се поврзува директно со потрошувачката на вода за пиење, намалена за одреден процент бидејќи дел од истата реално се троши и не стигнува во одводнителните системи. Во зависност од типот на канализациониот систем, неговата изграденост, стандардот на населението најчесто вредноста на канализационата норма изнесува приближно 70-90% од водоснабдителната норма. Во пресметките земено е одводнителната норма да биде 80% од водоснабдителнта норма. Па така одвонителната норма е земена да биде Q_0=200 лит/ден/жител.

4.4 Определување на количини на отпадна вода

Согласно припадните површини ке бидат пресметани соодветните количини отпадна вода.

Меродавните количини на отпадна вода добиени соодветни релации и преку нив ќе се пресмета хидрауличкото оптеретување. Меродавните количини на вода се

пресметани само за подолгите краци Крак К1, Крак К2, Крак К3, Крак К4, Крак К4.2 и Крак К4.4 . За останатите секундарни краци не се пресметувани меродавните количини на вода од причини што краците се мали , кон нив гравитираат мал број на објекти и за нив се конструктивно усвоени минимално дозволени дијаметри Ø200. Истото важи и почетните делови од подлогите краци каде гравитираат мал број на објекти каде се конструктивно усвоени минимално дозволени дијаметри Ø200.

Средно дневната количина на отпадни води на крајот на набљудуваниот период во 2054 година ке се пресмета согласно формулата:

$Q_d = 1.6N*Q_0$ (l/den)

Или изразено како секундарен проток:

$Q_{sr/den.} = Q_d / 86400$ (l/s)

Макс. количина на одпадни води (меродавна за димензионирање) изнесува:

$q_{max} = K_0 * Q_{sr./den.}$ (l/s)

$K_0 = a_1 * a_2 = 1.95$

$a_1 = 1.3$ коефициент на максимална дневна нерамномерност
$a_2 = 1.5$ коефициент на максимална часова нерамномерност

Во табели 1 ,2,3,4,5 и 6 се дадени пресметки на број на жители и пресметки на меродавна отпадна вода.

4.5 Хидраулички пресметки

Хидраулички анализи и пресметки се направени со меродавните протоци за димензионирање на канализационата мрежа.

Течењето во канализациониот систем ќе се одвива гравитавиционо односно течење со слободно водно огледало и истото е променливо по време, односно нестационарно течење.

За решавања на течењата со слободно водно огледало, програмот ги користи добро познатите равенки за едно димензионално нестационарно течење во не призматични канали или цевки на „Saint-Venant". Динамичкиот модел калкулатор ги користи следниве равенки:

- равенка на континуитет

$$\frac{\partial Q}{\partial x} + \frac{\partial (A + A_0)}{\partial t} - q = 0$$



- динамичка равенка

$$\frac{\partial Q}{\partial t} + \frac{\partial (\beta Q^2 / A)}{\partial x} + gA\left(\frac{\partial y}{\partial x} - S_o + S_f + S_e\right) + L = 0$$

За симулирање на течење цевки под притисок (пумпните

g = земјино забрзување (m/s^2)

K = коефициент на локални загуби



Направена е хидрауличка анализа за краци Крак К1, Крак К2, Крак К3, Крак К4, Крак К4.2 и Крак 4.4 и тоа за потезите со најмали подолжни падови кои всушност се меродавни. Хидрауличка анализа за помалите краци и за почетните делови на споменатите краци не е направена од причина што се мали , кон нив гравитираат мал број на објекти и за нив конструктивно се усвоени минимално дозволени дијаметри Ø200.

Во табели 7,8,9,10,11 и 12 се дадени хидрауличкати пресметки - димензионирање.

Табела 1 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К1

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш10	Ш14	30	4.50	135.00	181.96	182	200	58240	0.67	1.31
Ш14	Ш24	9	4.50	40.50	54.59	55	200	17600	0.20	0.40
Ш24	Ш26	6	4.50	27.00	36.39	36	200	11520	0.13	0.26
		45		**202.50**	**272.94**	**273**				

Табела 2 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К2

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш70	Ш79	15	4.50	67.50	90.98	91	200	29120	0.34	0.66
Ш79	Ш82	11	4.50	49.50	66.72	67	200	21440	0.25	0.48
Ш82	Ш26	8	4.50	36.00	48.52	48	200	15360	0.18	0.35
		34		**153.00**	**206.22**	**206**				

Табела 3 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К3

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш102	Ш116	14	4.50	63.00	84.91	85	200	27200	0.31	0.61
Ш116	Ш138	13	4.50	58.50	78.85	79	200	25280	0.29	0.57
Ш138	Ш142	0	4.50	0.00	0.00	0	200	0	0.00	0.00
		27		**121.50**	**163.76**	**164**				

Табела 4 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К4

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш166	Ш174	30	4.50	135.00	181.96	182	200	58240	0.67	1.31
Ш174	Ш185	11	4.50	49.50	66.72	67	200	21440	0.25	0.48
Ш185	Ш138	0	4.50	0.00	0.00	0	200	0	0.00	0.00
		41		**184.50**	**248.68**	**249**				

Табела 5 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К4.2

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш228	Ш174	38	4.50	171.00	230.48	231	200	73920	0.86	1.67
		38		**171.00**	**230.48**	**231**				

Табела 6 Пресметка на број жители и меродавна количина отпадна вода -Крак К4.4

потез		Број на жители					Меродавна сопствена количина на отпадна вода			
		Број на објекти	број на жители по објект	**N0** Моментален бр. жители	**N** Пресметан бр. жители	**Nusv** Усвоен бр. жители	Q0	Qd =1.6Nк*Q0	Q sr/den.= Qd/ 86400	q max= K0*qsr./den
од	до	[m]	[l/s]				[l/den/zitel]	[l/den]	[l/s]	[l/s]
Ш254	Ш185	15	4.50	67.50	90.98	91	200	29120	0.34	0.66
		15		**67.50**	**90.98**	**91**				

Табела 7 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К1

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш10	Ш14	101.27	1.31	0.00	1.31	250	216	60.0	128.00	3.496	0.0103	0.060	0.320	13.0	1.12
Ш14	Ш24	189.14	0.40	1.31	1.71	250	216	38.0	101.90	2.782	0.0168	0.080	0.390	17.3	1.08
Ш24	Ш26	138.33	0.26	1.71	1.97	250	216	35.0	97.80	2.670	0.0202	0.100	0.420	21.6	1.12

Табела 8 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К2

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш70	Ш79	352.26	0.66	0.00	0.66	250	216	5.0	37.00	1.009	0.0178	0.085	0.410	18.4	0.41
Ш79	Ш82	121.58	0.48	0.66	1.14	250	216	5.0	37.00	1.009	0.0308	0.110	0.460	23.8	0.46
Ш82	Ш26	276.29	0.35	1.14	1.49	250	216	6.5	42.10	1.151	0.0353	0.120	0.470	25.9	0.54

Табела 9 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К3

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш102	Ш116	517.22	0.61	0.00	0.61	250	216	22.0	77.50	2.117	0.0079	0.055	0.240	11.9	0.51
Ш116	Ш138	761.64	0.57	0.61	1.18	250	216	9.0	49.60	1.354	0.0239	0.105	0.425	22.7	0.58
Ш138	Ш142	170.69	0.00	6.62	6.62	250	216	44.0	109.70	2.994	0.0604	0.160	0.560	34.6	1.68

Табела 10 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К4

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш166	Ш174	285.47	1.31	0.00	1.31	250	216	34.0	96.40	2.632	0.0136	0.070	0.350	15.1	0.92
Ш174	Ш185	359.47	1.31	2.98	4.30	250	216	20.0	73.90	2.018	0.0581	0.160	0.560	34.6	1.13
Ш185	Ш138	310.83	0.48	4.95	5.44	250	216	7.0	43.70	1.194	0.1244	0.230	0.690	49.7	0.82

Табела 11 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К4.2

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш228	Ш174	284.44	1.67	0.00	1.67	250	216	38.0	101.90	2.782	0.0164	0.080	0.390	17.3	1.08

Табела 12 Хидраулички пресметки - димензионирање - Крак К4.4

потез		Количини на фек.отпадна води				Димензионирање									
		L	q max сопствено	q max транзитно	q max вкупно	ND	ID	Jk	полн профил		стварен профил				
од	до	[m]	[l/s]	[l/s]	[l/s]	(mm)	(mm)	[‰]	Qpp (l/s)	V(m/s)	μq	μh	μv	h(mm)	V(m/s)
Ш254	Ш185	368.42	0.66	0.00	0.66	250	216	5.0	37.00	1.009	0.0178	0.085	0.410	18.4	0.41

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ 5

5.1 Припремни работи

Пред да се отпочне со изведбата, потребно е да се изврши проспекција на постојниот терен со дефинирање на котите на терен, вегетацијата, објекти, насади и да се внесат во Протокол, кој ќе биде потпишан од надзорот и изведувачот.

Цртежите за објектите се дадени со сите потребни димензии и стационажи со апсолутни висински коти и координати по x и y.

Исколчување на трасите на објектите и локациите на придружните објекти, сите геодетски мерења во врска со пренесувањето податоци од проектот на терен и вклопени со државната полигонална мрежа. Сето ова ќе биде прегледано и одобрено од надзорот во пишан документ.

Обележувањето и осигурувањето на оската на трасата треба да биде надвор од областа на градењето. Изведувачот треба да ги направи потребните испитувања и истражувања кои ќе бидат во доволен обем за да се дефинира начинот на изведба и да му овозможи на надзорот да ги потврди измените на трасите, доколку ги има. Во случај на измена на проектот Изведувачот ќе биде одговорен да ја повтори претходно кажаната процедура во комуникација со надзорот.

Трасата на објектите и нивната положба треба да биде точно дефинирана како и котите на постојниот терен, после што ќе се изврши примопредавање на темињата помеѓу надзорот и изведувачот при што ќе се потпише протокол. Трасите и котите на објектите треба да биде како што е прикажано во проектот, или како што е нагласено од надзорот. Пред да се отпочне со ископот, по отстранување на хумусниот слој, треба да се изврши исколчување на трасата, а котата на терен треба да биде усогласена со надзорот.

Изведувачот ќе ја постави осовината и нивелетата на постојниот терен. Негова одговорност е да ги пренесе истите и на дното на ровот.

Изведувачот треба да добие дозвола од надзорот пред да почне со било каков ископ на раскопи или истражни бунари и треба истите да ги огради, обележи и заштити во согласност со постојната регулатива.

Изведувачот постојано ќе ги контролира осовините на ровот и доколку тие не се во согласност со границите опишани во овие спецификации, работите веднаш ќе бидат прекинати, а Инженерот тоа ќе го евидентира. Работите ќе продолжат откако причините за прекинот на работите се отстранат или корегираат.

Одговорност на изведувачот е да ја заштити осовината и нивелетата. Во случај колците од трасата да се оштетени или извадени трошоците за нивно повторно поставување ќе бидат обврска на изведувачот.

Работите ќе бидат мерени и плаќани како што е дефинирано во Предмер Пресметката.

5.2 Расчистување на теренот

Оваа работа ги опфаќа, отстранување на вегетацијата долж трасата во работниот појас (ниска вегетација, стебла со различна дебелина, отстранување на корења од новите или порано исечени стебла). Површините кои треба да се исчистат мора да бидат прикажани во нацртите потврдени од надзоротрот. Материјалот кој ќе се отстрани од површината (грмушки и стебла со дебелина до 50 цм) ќе се депонира во работниот појас и ќе се запалува.

Доколку на теренот се сретнат материјали кои не се дефинирани во предмерот, надзорот ќе даде насоки како истите да се отстранат.

Плаќањето за расчистувањето на теренот е обврска на инвеститорот. Доколку теренот не е расчистен ќе му биде платено на изведувачот да ја заврши таа работа според единечните цени дефинирани во предмер- пресметката.

Во исклучителни случаи кај специфични дрва надзорот може да го промени начинот на реализација. Горната позиција е обврска на инвеститорот. Работите на сечењето на дрва доколку не ги изврши инвеститорот, ќе му биде платено на изведувачот да изврши расчистување на теренот по единична цена дефинирана во предмерот со пресметката. Понудената единечна цена вклучува во себе работна рака за сечење, локален транспорт и редење во парцелата надвор од работниот појас

Сечење на едно и повеќегодишни култури во приватна сопственост (лозови насади, овоштарници и др.) треба да се сведе на минимум. За да се намалат оштетувањата работите по можност да се изведуваат рачно. Доколку настанат штети обврска е на инвеститорот да ја компензира штетата која треба да биде исплатена на сопствениците. Работите на сечењето на едно и повеќегодишни култури доколку не ги изрегулира инвеститорот, тогаш изведувачот ќе ги исплати сопствениците на површините а нему ќе му биде исплатено за единица култура (стебло / корен и др.)

Рушење и повторна изработка на објекти во приватна сопственост (настрешници, патеки и др.) долж работниот појас на трасата е обврска на инвеститорот (штети од работа), која треба да биде исплатена на сопствениците. Работите на ископ и повторна изработка на објекти доколку не ги изврши инвеститорот ќе се плаќаат по единечна цена за m^2 извршена работа во зависност од видот на објектот.

Рушење и повторна изработка на објекти во државна сопственост (локални патишта, канали за одводнување и др.), кои се наоѓаат долж трасата во работниот појас може да се извршуваат по дозвола од инвеститорот за секој поодделно. Рушењето на објектите треба да се изврши внимателно по можност да се зачува употребливиот материјал. Употребливиот градежен материјал ќе се депонира на место што ќе одреди инвеститорот и истиот останува негова сопственост. Шутот кој ќе се добие со рушење ќе биде отстранет од градилиштето и депониран на депонија која ќе ја одреди инвеститорот. Работите на отстранување на овие објекти вклучувајќи ги сите работи кои се јавуваат во врска со тоа нема да бидат платени поодделно, туку чинењата ќе бидат опфатени со единечните релевантни цени.

Постојните инсталации (водовод, канализација, електро, ПТТ и др.) на трасите ако не се во употреба се отстрануваат, ако се во употреба се преработуваат или

заобиколуваат онака како што се дадени во условите од страна на институцијата која стопанисува со нив. Сите преработки ќе бидат комплетно завршени пред инсталациите да се исклучат од употреба и поврзат во најкраток можен рок. За извршување на работите, а по добиена писмена согласност со услови за извршување од институцијата најнапред се известува истата за денот и точното време на извршување на работите обавезно е присуство покрај изведувачот, надзорот и претставник од соодветната институција. Работите доколку не ги изрегулира инвеститорот, со надлежните институции истите ќе ги изврши изведувачот за што ќе наплати за единица производ за извршена работа во која ќе бидат вградени сите позиции.

Изведување на работите покрај згради или други постојани објекти кој нема да бидат отстранети изведувачот е должен да ги преземе сите мерки за да не дојде до нивно рушење или оштетување. Во спротивно штетите ќе ги надомести изведувачот. Чинењето на обезбедување на зградите и другите објекти ќе биде вклучено во единечните цени понудена во пресметката за ископ и нема посебно да се наплатува.

5.3 Земјани работи

Категоризација на земјиштето

Во согласност со градежните норми ГН 200, категоризацијата на земјиштето, материјалот за ископ е дефиниран во следната табела.

Табела 5.1 Категоризација на земјиштето, материјалот според ГН 200

категорија	Опис на материјалот
I	Растресита и неврзана земја, хумус, неврзан чакал, чист песок, растресит лес. Се копа со лопата по потреба ашов
II	Слабо врзани тла: плодна земја, прашинести и глиновити песоци, слабо врзани чакали. Се копа со ашов, може и со багер, булдожер
III	Цврсто врзани тла: многу пластични глини, песокливи и прашинести глини, глиновити чакали, глиници, лапорци и друго
IV	Трошни, многу испукани и меки карпи: глиници, глиновити шкрилци, филити, туфови, гипс, трошни карпи, конгломерати и бречи. Се копа со копач, рачен пикамер, клинови, машински со булдожери и рипери (експлозив само за растресување)
V	Полу-цврсти карпи: песочници. Се копа со рачен пикамер, компресор, клинови и експлозив
VI	Цврсти до слабо напукнати карпи. Се работи со експлозив и компресор
VII	Компактни карпи. Се работи само со експлозив

Отстранување на хумусен слој

Хумусниот слој ќе биде отстранет од површината. Таму каде што го има (ќе се дефинира во присуство на Надзорниот орган) ќе биде отстранет во слој од мин. 0.3 м. Место за депонирање долж трасата во непосредна близина на ровот.

Ископ во неврзани карпи

Се подразбира ископ во разно гранулирани чакали, песоци, прашини и глини во различна форма утврдена согласно градежните норми ГН 200. Ископот на овие материјали се врши со механизација или рачно без употреба на експлозив. Во овој ископ спаѓа и ископот на материјали кои содржат самци и блокови кој не се поврзани, а може да се одстранат рачно или со механизација, а се со зафатнина помала 0. 5 m^3.

По оценка на Надзорниот орган, целосно или дел од ископаниот материјал може да се употреби за изработка на насипите (со директно вградување или претходно депонирање на времена депонија оддалечена max. 100 m.).

Доколку ископаниот материјал не се користи за целите дефинирани претходно, тој треба да биде транспортиран до депонија специфицирана од Надзорниот орган.

Извршените работи на ископ ќе се плаќаат по единечна цена за m^3 ископан материјал мерен и дефиниран во предмер пресметката. Понудените единечни цени за ископ ги вклучуваат во себе чинењето на работата на механизацијата и работната рака, црпењето вода и одводнувањето, подградување, утовар, транспорт и депонирање на ископаниот материјал во времена или трајна депонија, како што е дефинирано во предмер пресметката.

Ископ за цевководи

Ширината и длабината на рововите ќе биде дефинирана врз основа на дијаметарот на цевката и материјлот во кој се копа ровот. Рововите за цевките ќе бидат верткални.

Ископот за шахтите ќе значи практично проширување на ровот на местата каде се лоцирани. Каде ископот се врши во некохерентни карпи и каде е потребно да се применат косини, тие ќе бидат со наклон 1:0,5

Подградување на ровови

Изведувачот треба да го обезбеди потребното подградување на рововите. Доколку според мислењето на надзорот подградувањето предложено или користено од страна на изведувачот е несоодветно тогаш надзорот може да нарача подградување кое ќе обезбеди поголема сигурност на ровот а на трошок на изведувачот.

Според мислењето на надзорот, изведувачот не треба да ги отстрани подградите на ровот се додека тековната работа на делницата не е доволно завршена за да дозволи такво отстранување. Одстранувањето на подградата ќе биде изведено под надзор на компетентна личност.

Било каков совет, дозвола, одобрение или инспекција дадена од надзорот кои се однесуваат на подпирањето или преместување не значи дека го ослободува изведувачот од неговите одговорности кои произлегуваат од договорот.

Сите привремени потпори околу ископувањето треба да бидат одстранети за време на затрпувањето освен ако има дадено претходно одобрување од страна на надзорот. Доколку било кој од тие привремени подпори треба да биде оставен внатре во ровот, истите ќе бидат на трошок на изведувачот доколку се заклучи дека е непрактично да се отстранат.

Изведувачот треба да го достави предлог-начин за подградување на ровот најмалку 7 дена пред отпочнување на било какви активност на ископ. Доставените предлози треба да содржат податоци за длабочината, карактеристиките на земјата што треба да се ископува, табела со податоци за нивото на подземнта вода и локацијата на блиските згради и патиштата.

Заштитата со челични или дрвени подгради или друг тип на подграда за заштита на откосите од темелната јама треба да биде предложено од страна на изведувачот во согласност со МКС стандарди. Овие подградувања нема да се плаќаат посебно и треба да бидат вклучени во единечните цени на ископот како што е специфицирано во предмер пресметката.

Транспорт

Под транспорт на материјалите од ископот или оние за насип се подразбира:

- транспорт во стална или времена депонија
- транспорт од времена депонија до местото на вградување
- транспорт од наоѓалиште до местото на вградување

Километар на кубен метар (km/m^3) се дефинира како кубен метар транспортиран материјал на далечина еден километар, преку просечното растојание до депонијата. Цената за транспортот не се плаќа посебно туку е вклучена во единечната цена на ископот.

Мерење на транспортираните количини нема да се врши туку ќе се признае количината ископана и утоварена, а која е призната за плаќање на ископот.

Депонирање на ископаниот материјал

Депонирањето на ископаниот материјал ќе се врши во времени депонии или во финални депонии дефинирани на цртежите или во текстот или дефинирани од надзорот во соработка со инвеститорот.

Депониите (времени или конечни) мора да се стабилни, со добро формирани косини како што се дадени во проектот или според инструкциите на надзорот. Депониите ќе бидат исчистени пред да се депонира материјалот, односно неопходната површина за континуирано депонирање.

Трошоците за подготовка, уредување и одржување на депонијата нема да бидат платени посебно и ќе бидат вкалкулирани во единечните цени на ископот.

Планирање на дното на ров

По извршениот ископ на ровот (пред монтирање на цевките), се врши фино планирање (израмнување) на дното на ровот, согласно проектираната нивелета со точност од ± 1 см и набивање на дното на ровот.

Израмнување и набивање на дното на ровот може да се изврши машински или рачно.

Доколку при ископ на ровот изведувачот погрешил, односно на одредени места изврши ископ на дното на ровот под проектираната нивелета (проектираните коти), во

тој случај изведувачот таквите места е должен да ги санира со набиен чакал или со мршав бетон се до проектираната нивелета (проектираните коти) на дното на ровот.

Сите трошоци што ќе произлезат од оваа санација ќе ги сноси изведувачот.

Насипување/ Затрупување

Насипувањето/Затрупувањето ќе се изведува согласно техничките услови за изведување на насипи од природен материјал стандардизирани во МКС (ЈУС) У.Ц5.020.

Општи одредби

Изработката на насип ги опфаќа: насипување, грубо, фино планирање, влажност на земјата и збивање на материјалите.

За изработка на насипите ќе се користат природни и на терен подготвени материјали кои со своите својства гарантираат постојаност за време на градба и експлоатација. Материјалот за насипување ќе се користи од ископот, а недостатокот ќе се користи од истражено и одобрено позајмиште.

Насипувањето ќе се врши со набивање.

Изведувачот е должен најкасно 15 дена пред почеток на работите да достави на надзорот детални податоци за опремата која ќе ја користи за набивање со цел да добие одобрение да ја користи истата.

Надзорот ќе одреди кои материјали ќе се користат за насипување, начин на насипување и набивање, мерки на заштита на изведените објекти. Ова може да вклучи рачно насипување на места за кои ќе одлучи надзорот, без надокнада на веќе договорените единечни цени.

Истражувањата и испитувањата на материјалите за насип нема да се плаќаат поединечно истите треба да се вградат во единечната цена на m^3 насип.

Извршените работи на насип ќе се плаќаат по единечна мерка m^3. Понудените единечни цени за насип ќе се дадат поодделно за сите горе наведени материјали во која се вклучени чинењето на работната механизација и работната рака, ископ, утовар, транспорт и вградување со набивање заедно со геомеханичка контрола од лабораторија на изведувачот.

Подготовка на постелка под цевководите

Под цевките на дното на ровот или на други места (шахтите) што ќе ги одобри надзорот ќе биде поставен слој од песок со големина на зрното од 4 до 8.0 мм. во слој од 10 cm. од природен несепариран или сепариран материјал или друг вид на материјал (може и ровка земја) по претходно одобрение на надзорот.

Ако надзорот смета дека на некоја делници не е потребен песочен слој (истиот е застапен во ровот) тогаш цевките на тие делници може да се постават директно на тлото. Налегањето на цевката треба да биде рамномерно па затоа површината на подлогата треба да биде испланирана со точност ± 1.0 цм.

Кај шахтите треба да се постави чакал со големина на зрно до 63.0 мм. од природен несепариран материјал во слој од 20.0 цм.

И кај едниот и кај другиот материјал збивањето на материјалот ќе се врши машински со ваљак без вибрации до 95% збиеност утврдена по стандарден Прокторов опит при оптимална влажност.

Мерењето на песочната подлога ќе се врши во одобрените граници на ископ и ќе се плаќа по единица цена за m^3 насип.

Понудените единечни цени за насип ги вклучуваат во себе чинењето на работата на механизацијата и работната рака, утовар, транспорт и вградување со распостелување и планирање и набивање.

Затрпување на рововите

По вградување на цевките во ровот се пристапува кон затрпување со материјал од ископ или од наоѓалиште. Затрпувањето ќе биде извршено во три фази:

I Фаза, затрпување на ровот околу и над цевката на висина од 30 см. над темето на цевката. Ова затрпување се изведува веднаш по монтажа на цевките и преставува заштита на цевките од оштетување, како и условено затрпување потребно за фаза на хидраулички испитување. Во оваа фаза на деловите на споевите не се извршува насипување. Материјалот за затрпување треба да е растресит, несмрзнат без присуство на камења со мах. зрно од 32мм. Се вградува машински и рачно со странично насипување и рачно набивање до 90% збиеност утврден по Стандарден Прокторов опит при оптимална влажност ако се користи материјал од наоѓалиште или збиеност еднаква на самониклото тло ако се користи материјалот од ископот. Доколку материјалот од ископ не одговара на горенаведените критериуми по одлука на Надзорниот орган, материјалот ќе биде донесен од претходно истражено испитано наоѓалиште. Во оваа фаза на насипување посебно треба да се води внимание цевководот да не се оштети, во спротивно сите трошоци за поправка или замена на оштетената цевка ќе паднат на товар на Изведувачот. Деловите во зоната на спојниците по извршеното хидраулички испитување ќе бида насипани во се како што е опишано во претходниот став.

Извршените работи на насип ќе се плаќаат за $м^3$ вграден материјал. Понудената единечна цена за насип го вклучуваат во себе чинењето на работата на механизација и работната рака, одводнувањето, вградувањето и набивањето ако се користи материјалот од ископ или на него дополнително утовар, транспорт доколку материјалот се користи од истражено наоѓалиште.

II Фаза, затрпување на ровот со материјал од ископот депониран поред ровот вграден на висина до 30 см. од котата на теренот. Материјалот се вградува во слоеви со дебелина од од 20- 30 см. во зависност од тоа дали е од врзани или неврзани карпи со машинско набивање до збиеност еднаква на збиеноста на материјалот (самониклото тло) кое претходно е утврдено.

Кај цевководи со дијаметар DN<400 mm и со надтемено затрпување со дебелина до 15 см. материјалот за главно затрупување не смее да содржи зрна со големина > 60 мм.

Кај прометните сообраќајни површини, потребната збиеност на материјалот наменет за главно затрупување треба да изнесува минимум 90% збиеност утврден по Стандарден Прокторов опит при оптимална влажност.

Надвор од прометните сообраќајни површини, потребната збиеност на материјалот наменет за главно затрупување треба да изнесува минимум 85% збиеност утврден по Стандарден Прокторов опит при оптимална влажност, ако дебелината на горниот слој е > 4,00 м, односно треба да изнесува минимум 90% збиеност утврден по Стандарден Прокторов опит при оптимална влажност, ако дебелината на горниот слој е < 4,00 м.

Изведувачот треба да обезбеди оптимален процент на влажност на материјалот наменет за главно затрупување. Сите трошоци што ќе произлезат за обезбедување на оптимална влажност ќе ги сноси Изведувачот. Во оваа фаза ископаните ровови целосно се затрупуваат.

Извршените работи на насип ќе се плаќаат за m^3 вграден материјал. Понудената единечна цена за насип го вклучуваат во себе чинењето на работата на механизација и работната рака, вградувањето на материјалот од ископ, набивањето заедно со геомеханичката контрола од лабораторијата на Изведувачот.

III Фаза, дозатрпување/ враќање на обработливата земја во ровот машински или рачно со планирање, изравнување на површината спрема околниот терен без набивање со дозволено надвишување према околниот терен за мах. 5.0 cm.

Извршените работи на дозатрпување ќе се плаќаат за m^3 вграден материјал. Понудената единечна цена за насип го вклучуваат во себе чинењето на работата на механизација и работната рака и вградувањето на материјалот од ископ.

Метод на мерење и наплата

Методите на мерење ќе се прилагодат на стандардите на Република Македонија.

Количината на вградениот и ископаниот материјал ќе биде мерена според единиците кои се дадени во Предмерот со пресметката, со користење на категоризацијата на теренот како што е дефинирано во градежните норми ГН 200

Ископаните количини ќе бидат пресметани како разлика помеѓу постојната состојба пред отпочнувањето на ископот и состојбата после ископот, се подразбира дека ископот поголем од потребите во согласност со проектот нема да бидат платени. За плаќање ископот ќе биде поделен на ископ на некохерентни и кохерентни карпи а истите ќе бидат дефинирани на лице место

Зголемените количини на ископ, зголемениот обем на ископ нема да биде одобрен за наплата, освен во случаи кога геомеханичките карактеристики на теренот на лице место се разликуваат со оние кои се дефинирани во Геотехничкиот елаборат. Инвеститорот според предлогот на Инженерот ќе одлучи за процедурата за одобрување на зголемените количини на ископ.

Динамиката на ископ ќе вклучи општ ископ на ровови и детален ископ до крајната форма. Дополнителни трошоци нема да се признаат доколку има додатни ископувања направени од Изведувачот за да се поедностави изградбата или инсталацијата.

Количините на насип и затрупување ќе бидат пресметани како разлика помеѓу состојбата на лице место пред отпочнување со насипувањето или затрупувањето и состојбата после насипување / затрупување и набивање, се подразбира дека насипување / затрупување на зголемените количини на ископаниот материјал (во согласност со претходната точка) нема да се плаќаат и тоа насипување зголемено над проектираниот профил исто така нема да се плаќа.

Договорената единечна цена ќе ги покрие сите работи поврзани со ископ, пумпање на вода и одводнување, подградување на рововите, насипување, затрупување, товарење, транспорт и депонирањето на вишокот на материјал и сите останати активности поврзани со завршувањето на работата во се според Предмерот со

пресметката. Во ниеден случај изведувачот не смее да бара дополнителни работни позиции и количини за исправно завршување на работите.

Неспецифицирани позиции

Единечни цени и спецификации за тип на работи кои не се вклучени во овие Технички Спецификации, но за кои се јавува потреба во текот на изведбата, ќе бидат детерминирани во споредба со работите вклучени во овие технички спецификации и според инструкциите на Инженерот.

5.4 Монтажа и испитување на цевководи

Цевководи

Складирање

Цевките ќе бидат складирани во времени места за складирање (складови) доколку со динамиката не е предвидено да бидат истоварани долж трасата на местото предвидено за монтажа. Обезбедување на просторот-површината за складирање е обврска на Изведувачот и нема посебно да се наплаќа, истата е вградена во единечна цена на цевковод.

Извршените работи ќе се плаќаат за m'.

Понудената единечна цена го вклучува во себе чинењето на изработка, на цевката, испитување на хидростатички притисок, испорака и складирање во времени складови.

Инсталирање на цевководите

Монтажата на цевководот ќе се врши кога надворешната температура е во границите од - 5оС до + 60оС, во претходно подготвен ров по должина на трасата на два начина:

- монтажа на цевките надвор од каналот, по претходно утврдени делници од каде со помош на цевкоположувачи се спуштаат во каналот.
- монтажа на цевките директно во каналот за поврзување на делниците каде се претходно подготвени ниши.

Локален транспорт

Се препорачува транспортот од производителот до градилиштето да се врши со камион. За испорачаните цевки да се добие спецификација со дијаметрите и должините на цевките.

Испитување на цевковод без притисок

По завршувањето на цевководот помеѓу две шахти, потребно е да се изврши тестирање според EN1610.

Тестирањето за водонепропусност на цевките, шахтите и контролните комори ќе биде изведено или според воздушниот (метод " L ") или водниот (метод " W "). За тестирање на колекторот се препорачува методот " W ".

Првично тестирање може да се направи и пред било какво потрупување. За главно одобрување линијата ќе биде тестирана после вадењето на оплатата и затрупувањето на ровот.

Притисокот за тестирање е еднаков или произлегува од притисокот при полнење на делот за тестирање до нивото на теренот на узводната или низводната шахта, со максимален притисок од 50 kPa и минимален притисок од 10 kPa мерен на врвот на цевката.

Времето за тестирање ќе биде (30 ± 1)мин.

Притисокит би требало да биде во рамките од 1 kPa од дефинираниот тест притисок.

Вкупната количина на вода додадена во токот на тестирањата со цел да се постигнат барањата, ќе биде мерена и забележана со површината на водата на бараниот тест притисок.

Барањето на тестот е задоволено ако количината на додадената вода не е поголема од:

- 0.15 l/m^2 во тек од 30 мин. за еден дел од цевоводот
- 0.20 l/m^2 во тек од 30 мин. за еден дел од цевоводот вклучително и шахти
- 0.40 l/m^2 во тек од 30 мин. за шахта и контролна комора

Забелешка: m^2 се однесува на навлажнетата внатрешна површина.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

6

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во овој Елаборат за заштита при работа се предвидуваат мерки и нормативи за создавање на безбедни услови за заштита на работниците при работа.

Безбедни услови при работата се остварени ако повредите и други здравствени оштетувања на работниците не може да настанат освен во случај на дејствување на виша сила. Со Правилникот за заштита на работа, прашањата од интерес за заштита при работа ги уредуваар на единствен начин за претпријатието, па се должни на истите да се придржуваат при работата.

Работниците во Претпријатието исто така се должни да ја организираат заштитата при работа. Мерките и нормативите за заштита при работа се определени со прописи донесени врз основа на одредбите од Законот за заштита при работа - (Службен весник на РМ бр. 13/98) на кои работниците на претпријатието се должни да се придржуваат на работата.

Опасностите на градилиштето се многубројни и до несреќа може да дојде лесно ако работите се изведуваат невнимателно. Опасностите се предизвикуваат поради поради невнимание при сопствената работа или од невнимание при работа на другиот. Затоа е неопходно да се согледаат сите можности кои можат да предизвикаат опасност а кои треба да се отклонат благовремено. Ако при работата така се постапува можностите за несреќни случаи се сведуваат на минимум или потполно се избегнуваат.

За сигурност при работа неопходно е познавање на квалитетот и особините на материјалот со кој што се работи, како и познавање на основните закони на статиката.

Заштитата на работа бара избегнување на секаков ризик во однос на "штедење" на материјали при земјаните ископи.

Ако на градилиштето се наиде на инсталации од гас, електрика, вода или др. работи на ископот мора да се вршат според упатствата и под надзор на стручно лице од страна на организациите што ги одржуваат инсталациите.

Пред вршењето на ископ на земја или чистење на земја од затрупаните јами, бунари, канали и др. мора претходно да се провери дали евентуално има штетни, запаливи или експлозивни гасови.

Ако ископот се врши со минирање, работите мораат да се изведуваат според важечките прописи за минирање.

Пред почетокот на работата на ископот на земја, а секогаш по временски непогоди, мразеви или топење на снег и мраз, раководителот мора да ја прегледа состојбата на работите и превземе мерки против обрушување.

I. Осигурување на градилиштето спрема околината

I.1. Сите основни организации на здружен труд кои ги изведуваат работите од областа на градежништвото должни се да постават ограда околу градилиштето, односно на друг начин ги осигураат границите на градилиштето, како обврска на осигурање на градилиштето спрема околината.

I.2. Потреба за изградба на ограда околу градилиштето има заради тоа што луѓето кои се движат во близина на градилиштето или низ еден негов дел можат да се повредат бидејќи не се доволно запознати со изворот на опасностите.

Ако градилиштето опфаќа голем комплекс од земјиштето така да не е можно да се огради целото подрачје на градилиштето каков што е случајот со комунална дејност како

што се водовод и канализација, патишта, озеленување и др. се оградуваат само оние делови на градилиштето каде што постои можност за сметање во работата, или опасност од отуѓување на материјали, машини, алат, инвентар, потоа на места каде што се движат луѓе, а можат лесно да бидат повредени.

I.3. Ограда околу градилиштето може да биде изведена како:

а) Ограда од плетена или бодликава жица.

б) Монтажна ограда.

II. Сместување и исхрана на градилиштето

II.1. Работната организација должна е да обезбеди сместување за работници која што ги изведува работите, било да е таа вон седиштето на организацијата или во седиштето на организацијата каде што ги изведува работите и тоа за самци да обезбеди објект за сместување.

II.2. Гардероби на градилиште се поставуваат за пресоблекување и повремено загревање на работниците. Овие гардероби претставуваат и склониште за работниците во случај на времени непогоди.

Гардеробите се обично монтажни и се поставуваат на места каде не постои опасност од поплави, одрон од земја, на терен кој што е стабилен и добро е пристапен. За секој работник мора да се обезбеди 0,7 м^2 површина на под. Во просторијата треба да има вешалка или гардеробни ормари. Потребно е истите секој ден да се чистат и освежуваат, а зиме мора да бидат загреани. Во истата барака се предвидува оделна просторија за исхрана.

III. Санитарни објекти на градилиште

На секое градилиште мора да има обезбедено умивалници и нужници.

IV. Организација на давање прва помош на градилиште

IV.1. На секој објект мора да има оспособени работници за давање на прва помош. Во случај на повреда или болест на работникот му се укажува прва помош и тогаш се пренесува во најблиска здравствена установа.

IV.2. Материјал и опрема за давање на прва помош. На градилиште мора да постои ормарче за прва помош со сите потребни материјали според прописите. Ормарот треба да биде сместен во канцеларијата на работоводителот кај кого се наоѓа и клучот од ормарчето. Ормарчето треба да е офарбано во бела боја и означено со црвен крст, а на ормарот треба да е испишано следново:

- Адреса на најблискиот лекар (евентуално телефонски број)
- Адреса и телефонски број на најблиската здравствена станица како и имињата на работниците способни за давање на прва помош.

Покрај ормарчето за давање на прва помош се поставуваат соодветни носила подесени за пренесување на повредени работници.

V. Уредување и комуникација во градилиштето

V.1.1. Патиштата за премин и транспорт со колички по градилиштето се уредуваат така да се заобиколуваат сите препреки отворени јами или канали. Овие стази треба да се поравнати, и по нив ќе се движат рачни колици.Во случај да е теренот

расквасен се ставаат мосници кои се споени накрсно. Стазата мора на најтесното место да има ширина на јапонер со додаток од 30 см од двете страни.

V.1.2. Патиштата односно стазите за премин на луѓето и работниците како и транспортот на теренот на некои места кои ќе наидат на канали и ровови за електро каблови, водоводни или каналски мрежи или истите за темели на објекти на тие места се оставаат премини од мосници.

Ширината на преминот не смее да биде помала од 60 см. Потребно е да се направи од дрвени мосници меѓусебно поврзани со попречни летви од долната страна. Ако е ширината на ровот поголема од 1,0 м на преминот од мосницата на двете страни се става заштитна ограда со ширина од најмалку 1,0 м.

V.1.3. Потребни премини односно рампи се поставуваат на места каде што треба да се совладаат високи разлики. Вакви премини се прават во согласност со барањата за премини преку канали и ровови односно со споени мосници со ширина најмалку од 60 см. Премините не смеат да имаат поголем нагиб од 40 · од горната страна на преминот се ставаат попречни летви со димензии 4,8 · 2,4 см на растојание од 30 до 35 см.

V.2. Патиштата на градилиштето се делат на:

V.2.1. Патишта за транспорт на материјали на градилиштето, односно улици треба да се користат така да возилата имаат кружно движење, за да се спречи опасно возење назад и вртење на возилата на неподесени места.

Патиштата за работа ноќе мора да бидат осветлени, а исто така потребно е да бидат поставени сообраќајни знаци за соодветно движење како што се: намалување на брзина, информативни знаци и др. Брзината на движење на возилата на градилиштето се ограничени на 10 км/час.

V.2.2. Утоварно и товарни површини се сметаат оние места каде што се врши било каков претовар како што се депонија на песок, складиште на оплата, депонија на шљунак, складиште на арматура, складиште на алат и опрема.

При утоварно-истоварните површини манипулативниот простор мора да биде широк најмалку 100 м^2. Утоварно-истоварните површини треба да осигураат движење на возила без пропаѓање.

VI. Електрични инсталации за погон и осветлување на градилиштето

За работа на машини и осветление на градилиштето потребно е да се спроведе електрична мрежа и тоа под земја.

Вод од висок напон кој што се протегнува преку односно во близина на дигалка потребно е да се измести а работите треба да ги изведува овластено електро претпријатие.

VI.1. Електрични инсталации за погон на машините и алатот потребно е да се спроведат да истите под земја и да се приклучат на најблизок разводен ормар. Секој приклучок на машините и алатот треба да имаат на работното место склопка за уклучување односно исклучување на струја, а електричните каблови да бидат од механички оштетувања.

Сите електрични уреди мораат да бидат заштитени од превисок напон на допир со еден од познатите начини за заштита како што се заштитно уземјување, нужно поставување на заштитни склопки и др.

Исто така објектите треба да бидат заштитени од удар на гром на соодветен начин со земјоводи од поцинкована трака од пресек 50 м^2 за полагање над земја, односно 100 м^2 при полагање на земја.

VI.2. Електрични инсталации за осветлување на градилиштето потребни се ако на објектот е планирана ноќна работа. На местата кои треба да се осветлат, светлото треба да биде од оваа јачина:

- кај депонија на песок и шљунак и околината 60
- кај бетонска мешалица 75
- на место на работа 75

Патот по кој се движат транспортните возила исто така треба да биде осветлен.

VII. Заштита од пожар на градилиштето

На поголемите објекти каде што се складираат големи количини запаливи материјали се обезбедуваат со соодветен против пожарен апарат, прибор и хидрантска мрежа.

Раководителот на градилиштето одредува група од најмалку 5 работници оспособени за гаснење на пожар, со раководител на гасење на пожар кои што ќе делуваат при гасење на пожар.

На секој објект потребно е на видно место да биде истакнат телефонски број на најблиската противпожарна единица.

Организацијата и спремноста на екипата за гасење на пожар мора повремено да се проверува со демонстрации и др. а на чело со раководителот за гасење на пожар.

VII.1. Организирање на заштита од пожар при изведба на опасни работи како што се топење на битумен, премачкување на оплата за уље, перење на делови од машина со нафта и др.

За спречување на избивање на пожар односно неконтролиран оган кој што се користи за топење на битумен мора да се:

- Котлите за топење на битуменот мораат да имаат поклопци и затворено ложиште.
- До самите котли за топење на битумен мора да се постави сандак со сув песок и слободна лопата со кои ќе се гаси запалена површина од пролиен битумен.
- При претечување на горива мора да се преземат следниве мерки:
- Да претечувањето не се врши во близина на лежишта или други топлотни извори, а нарочно не во близина на места каде што се врши заварување.
- Не смее да се пуши ни да се преноси отворен пламен.
- Во случај на избувнување на пожар запалените површини се гасат со соодветни апарати кои се наоѓаат на градилиштето.

При премачкување на оплата со уље перење на поедини делови на машини со нафта потребно е да се преземат следниве мерки:

- Работникот за време на работа не смее да пуши а работата не смее да се врши во близина на отворен оган.

VII.2. Мерките за заштита на пожар во барака, се исти како и заштитата на градилиштето со тоа што на секоја барака се ставаат по два апарати за гаснење на пожар со прав (С-9)

Заради тоа што бараката зимно време ќе се загрева постои опасност од пожар ако печките и оџаците не се изведуваат правилно и сигурно:

- Сите печки треба да се постават на ватростална подлога од слој на бетон и тули.
- Печките треба да се одалечени најмалку 50 см. од ѕид од горив материјал, односно 25 см. од ѕид кој што е обложен од ватростален материјал. Приклучокот на оџак кој што се изводи низ од горив материјал треба да се изведе така да металната цевка поминува низ цевките од каменштина или бетон затнат од глина и делови од тула.
- Печките не смее да се потпалуваат со течни горива (види прилог VII.2.).

VIII. Транспорт, утовар и истовар на градежен материјал, машини и тешки предмети

Бидејќи при транспорт доаѓа до најголем број на повреди потребно е прецизно да се планираат и утврдат работните операции и методи на работа пред да се пристапи во акција.

VIII.1. При овие операции потребно е да се имаат во предвид следниве работи:

- Секое возило при утовар и истовар треба да биде закочено или на друг начин осигурано од движење (на косини се поставуваат подметни клинови).

Со работите на група од работници на претовер мора да раководи одговорно лице или посебно задолжен работник.

Страницата на возилото при истовар ја отвараат двајца работници и при претходно утврден положба на теренот во возилото.

По завршен утовар или истовар возачот е должен да го прегледа сандакот на возилото и утврди дали теренот е правилно поставен односно дали целиот терет е растоварен, како и да провери дали е сандакот на возилото осигурен од отварање.

Во сандакот од возилото не смее да се превезуваат работници.

- Ракување со терети што се осипаат како што се: земја, песок, шљунак, бетон, шут, асфалт и друго треба по можност да се врши со механички средства.

При утовар и истовар со механички средства работниците кои што се наоѓаат во близина мора да се одалечат, а возачот на моторното возило мора да излезе од кабината на возилото ако тоа не е заштитено. Качувањето на работниците на сандакот кое е во косина при истовар не е дозволено, а останатиот материјал на косината од сандакот се влече со долга рачка.

Материјалот што се осипува се полни на камион до висина на страницата на возилото под услов ако е тоа дозволена носивост на возилото.

- Терети на вреќи како што се: вар, цемент и др. во возилото се товарат до висина на страницата на возилото ако дозволува неговата носивост.

Вреќи можат и повеќе да се товарат под услов да се осигурани на померување и се покријат со церада.

Работниците кои работат на утовар-истовар на вреќи смеат да пренесуваат вреши со тежина до 50 кгр. на растојание од 60 км. под услов теренот да не е во успон.

Терети на парчиња мора да се товарат во возилото во правилен облик со најтесна страница свртена према горе.

Висината на наслагање не смее да биде поголема од страницата на сандакот на возилото.

Терети со валчест облик како што се: бочви, цевки и др. се товарат во правилен облик во сандакот на возилото и тоа по должина. Често пати за утовар-истовар на овие предмети кои што се со поголема тежина, потребно е да се користат водилки и јаже.

Предмети со тежина преку 30 кгр. не се дигаат рачно ниту се пренесуваат рачно.

- Долги терети како што се греди, цевки и арматура се товарат и редат во возило меѓу столбови кои што се специјално монтирани а со лежаи на шасијата на возилото. Столбовите меѓу себе се врзуваат со синџири. Теретот се товари во облик на пирамида така да подолгите предмети бидат подолу а покусите погоре.

Утовар и истовар на векви предмети се врши со механички средства (дигалки) и тоа дел по дел. Истовар на овие предмети со обрушување е многу опасен. Утовар и истовар на вакви предмети и се доверува на група работници кои се уважбани за оваа работа. Терет подолг од возилото се означува со црвени знаменца.

- Градежни машини кои се носат на градилиште во возило обавезно се утовараат и истовараат на водилки со помош на јаже. На места каде што се врши утовар и истовар со помош на утоварач не смее да се задржува никој освен возачот на моторното возило и сигналист на возач на теренот.

IX. Начин на складирање на градежен материјал

Со правилно складирање на материјалот на градилиштето истиот се заштитува од оштетување и пропаѓање на работата во близина на материјалот како и ракување со него е многу посигурно. Различни видови на материјал различно се складираат.

IX.1. Ископан материјал песок и шљунак се складира во боксови.

IX.2. Резаната граѓа се складира подалеку од сите топлински извори, а во зона од 50 $м^2$ не смее да се пали оган.

Таа се складира во правилни вертикални облици, на подметки а помеѓу поедини редици се уметнуваат летвици. Висината на слагање е толкава да може да се зафати од земја.

IX.3. Цврст камен материјал се складира во правилни и стабилни облици со висина од 1 до 1,5 метри зависно од тежината и погодност за ракување.

IX.4. Складирање на цемент, вар, разни ризли во вреќи се врши во посебни простории кои што треба да се затворени и заштитени од влага и дожд. Подот треба да биде подигнат од земјата, и положен на дрвени греди, кои што можат да налегнуваат на тулите положени на земја. Вреќите треба да се редат во правилни облици и тоа унапред за да се спречи рушење. Во еден ред смеат попречно да се редат најмногу две на долж положени вреќи со висина која се постигнува со нормален замах на рака со терет. Од време на време вреќите мора да се премешаат и обрнуваат.

IX.5. Асфалтните производи на градилиштето обично се носат во буриња и се складираат во заграден простор во вертикална положба со отворот нагоре.

IX.6. Складирањето на цевки бетонски, ливени, железни, челични, салонитни и др. се врши во редици така да долните крајни цевки се осигураат од померување со дрвени колци кои се забиваат во земјата.

IX.7. Бетонско железо и арматура се полага на дрвени подметачи и се разврстува во профилни односно ако е спремно за уградување се разврстува по статички позиции.

X. Складирање на паливи течности

X.1. Локацијата за складирање на запаливи течности треба да е што подалеку од сите објекти, межни извори на топлина или места каде што ќе се користи отворен пламен.

X.2. Изведбата на објектот складиште за запаливи течности треба да е приближно со димензии 3,0 · 3,0 м. со просечна висина од 2,8 м. Објектот треба да се изведе од огноотпорен материјал т.е. зидан од тули или бетониран.

Подот треба да е бетонски со пад 1· кон една страна, со отворен канал за собирање на преливна течност.

Товарот треба да е ватростален а вратата на објектот треба да е од негорив материјал. Нема потреба од оставање на прозор, но мора да се обезбеди вентилација (отвори: Овие отвори за вентилација се разместуваат во висина на подот и таванот на објектот.

Вратата се отвара према надвор и таа треба да е отворена за време на ракување со течности. На објектот не се поставува никаква електрична инсталација.

X.3. Распоред на зони на опасност и начин на осигурување на складиштето. Објектот складиште се смета како зона на опасност од 1 ред. Во него не смее да се пуши, да се ствараат искри, ни да се приоѓа со отворен пламен.

Од надворешна страна од вратата се ставаат два апарати за гасење со прав (С- 9) а на самата врата табла за опомена.

Вратата мора да се заклучува а клучот треба да се чува од особа задолжена за ракување со гориво и мазиво.

Простор со ширина 2,5 м. околу целото складиште се смета за зона на опасност од 2 ред мора да биде оградена во висина од 2,0 м. Вратата на оградата се отвара кон надвор и треба да се заклучува.

Во ова подрачје теренот треба да биде искречен, исчистен и по потреба посипен со шљунак или со песок. Во ова подрачје владеат исти режими како и во објект на складиште. На вратата се става табла за опомена.

Просторот со ширина од 5,0 м^2 од ограда се смета како зона на опасност од 3 ред. Во овој простор не се става ништо а теренот треба да е рамен и чист.

XI. Градежни машини, уреди и алат

За градежните машини, уреди и алат кои ќе се наоѓаат на градилиштето, треба да се утврдат мерки со кои ќе се заштитат работниците, воедно да се осигура поголема производност и де се смалат прекините на работа.Во склад со тоа треба да се утврдат: избор, разместување и заштита на градежни машини, уреди и алат. Тоа се врши во склад со технологијата на градба.

Во согласност со одредбите од ,,Правилникот за заштита на работниците на машини, уреди и алат" на градилиште мора поединечно сите машини, уреди и алат да се прегледуваат, така да луѓето кои се задолжени за преглед истите треба да го пополнат картонот за контролен преглед кој може секогаш да се стави на увид пред надзорните органи, како и на рефигрентот на ,,Службата за заштита на работа". Освен периодични погледи и испитување на строеви, уреди и механизиран алат,раководителите на одделните машини должни се секој ден, пред почетокот на работите, да извршат контрола на исправноста на машините, уредот или механизираниот алат. Рачниот алат исто така треба повремено да се прегледува.

XI.1. Ракувачи на машини

Со машините на градилиште ракуваат исклучиво стручно оспособени работници со соодветна квалификација и стручност.

XI.2 Ракување и обележување со машини и уреди

Служба за заштита при работа ги дава посебните упатства за сигурност на работата на работното место.

XII. Работни места со посебни услови за работа

Работни места со посебни услови за работа на градилиште се сметаат оние места кај кои постои зголемена опасностод повреда или здравствени оштетувања, утврдени со "Правилникот за заштита при работа", при претпријатието кое ги изведува работите.

Сите работници кои се назначени на работни места со посебни услови за работа мораат да имаат здравствена потврда која во секој момент можат да ја покажат на надзорниот орган или на ,,Служба за заштита при работа,,.

Непосредниот раководител е должен, при распоред на работниците на работни места со посебни услови на работа, да ја провери и нивната стручна оспособеност во картон за лична документација во работничка книшка или во други документи, а врз основа на упатството од "Служба за заштита при работа" или кадовска служба на претпријатието.

Ако има работници кои не ги исполнуваат наведените барања, мора веднаш да се преместат на друго место.

XIII. Работни места со посебни услови за работа

На работните места каде работниците се изложени на различни извори на опасност, а на постои можност за спречување со технички мерки за заштита, на работниците мора да им се стват на располагање лични заштитни средства со "Правилникот за заштита при работа".

Работници кои повремено доаѓаат на грдилиште и припаѓаат на други организациони единици на претпријатие, мора да користат лични средства за заштита при работа, предвидени со "Правилникот за заштита при работа". Ако не ги користат овие средства, раководителот на градилиште е должен да им забрани да работат и да ги оддалечи од градилиштето.

Технички и друг персонал на градилиштето, раководител на градилиште, раководител на објект, непосредни раководители, надзорни органи, работници на пракса, гости и други лица, треба да имаат заштитен шлем и лични заштитни средства, по потреба.

XIV. Обележување на поедини места и загрозени простори на градилиштето

Оние места на градилиштето каде што постои повремена или постојана опасност, мора на јасен и разбирлив начин да се обележат со табли за опомена. Било за опасности од повреди, било за опасности од предизвикување на пожар, како што се: места загрозени од градежни машини, електрично ормарче, складиште на граѓа, запаливи течности и сл.

XV. Заштита при опсни и загрозени места на градилиштето

Во текот на изведување на работите на градилиште, ќе се појават различни извори на опасности како попратна појава на технолошкиот процес на работата, како последица на неправилни постапки на работници и сл.

XV.1. Заштита при земени работи, како што се копање на ровови или пак широк откоп. Носење на лични заштитни средства е задолжително. Кај овие ископи постои опасност од рушење на земја и одрон на ископаниот материјал. Сите ископи до 1 м^2 можат да се изведуваат без посебно осигурување ако тоа го дозволува цврстината на земјата. Ископаниот материјал треба да се исфрла на растојание најмалку 50 цм од работ на ровот. Ископи на длабина поголема од 1 м^2 задолжително мора да се разупираат. Кај овие ископи ширината на ровот изнесува најмалку 60 цм. Кога ровот е подлабок од 2,0 м, ископаниот материјал мора да се префрлува етажно.

На добро утврдената платформа, на работ мора да се постави рабна даска со висина 20 цм. За симнување и качување на работниците во ровот мора да се постават здрави скали. Оплатата да се вади од ровот дури кога еден дел од ископаниот материјал се уфрли во ровот; треба да се вади постепено, од доле кон горе. Сите работи на ископи трба да ги надзира непосредниот раководител.

Кај широкиот ископ се јавуваат истите опасности како и кај ископот на рововите и каналите. Широкиот откоп треба да се работи во косини, односно во нагиб кој одговара на аголот на внатрешно триење на тлото. Работите во ископот трба да ги надзира непосредниот раководител.

XV.2. Заштита при ѕидарски работи

При ѕидарските работи постојат разно опасности, како што се: опасност од паѓање на предмети од висина, паѓање на работници од висина и др.Поради тоа потребно е прописно да се изработуваат скелињата и платформите, а работниците да носат лични заштитни средства. Исто така и при изведување на разни изолаторски работи, кога се работи со врел битумен и слично, како и при монтерски работи кога се работи со врело олово, потребно е посебно внимание и носење на лични заштитни средства, а садовите при транспортот да се полнат 2/3.

XV.3. Заштита при тесарски работи

Во тесарските работи спаѓаат: рачна подкотовка и обработка на дрвената граѓа, разупирање на ровови и канали, изработка и поставување на оплата, изработка,

оставување и симнување на скелиња и работни подови, изработка и поставување на скали, премини преку ровови и разни други тесарски работи. Кај овие работи се појавува опасност од бодење, сечење, обрушување на земја и ископан материјал во ровови и други ископи, паѓање на предмети од височина, паѓање на работник од височина и др. При сите претходно наведени оерации, работниците задолжителни треба да носат соодветни заштитни средства.

При изработка на работни подови, платформи на висина поголема од 1,0 м од тлото, мораат да имаат прописна заштитна ограда. На таа висина работниот под мора да биде широк најмалку 60 цм, односно, ако на неа се ставаат некои товари, тогаш мора да се обезбеди слободен пролаз со ширина најмалку 60 цм.

Скали се изработуваат од цврсто дрво со уградени или засечени пречлки на растојание од 32 цм. Скалите мора да бидат широки најмалку 45 цм мерено меѓу внатрешните површини од краковите. Скалите треба да се поставуваат така да горниот дел е над теренот најмалку 75 цм мерено вертикално. Скалите треба да се осигураат од поместување со врзување и уцврстување.

Во однос на површината на која стојат, скалите се поставуваат под агол од

Исто така тесарите ги изведуваат и премините преку ровови со ограда.

XV.4. Заштита при бетонски и армирачки работи

На работниците кои работат бетонски и армирачки работи им претстојат разни опасности, како што се: зарушување и обрушување на ископаните материјали, убодување од шилести предмети кои што штрчат, од паѓање на предмети од висина, од паѓање на работници од висина и во длабина и др. Затоа се налаѓа задолжително сите работници да носат лични заштитни средства и постојан надзор и проверка од непосредниот раководите.

Исто така неопходно е перивибраторот и машината за сечење на арматура да се исправни.

Јасно е дека нама можност и простор де се опишат сите видови на градежни работи кои ќе се појават во градилиштето. Затоа е посебно важно да се има во предвид дека секој работник при извршување на било каква работа задолжитално е да има соодветна квалификација и да носи соодветни лични заштитни средства, а работите да се одвиваат под контрола на непосредниот раководител.

Кога на едно градилиште, односно работилиште или во процесот на работа на ист простор, работите ги извршуваат истовремено повеќе изведувачи, секој од нив ги спроведува пропишаните мерки за заштита при работа и создава безбедни услови за работа на сите работници.

Ако два или повеќе изведувачи од став 1 на овој член се договорат заеднички да организираат заштита при работа на својте работници, со писмен договор го утврдуваат начинот на организирањето и спроведувањето на заштитата при работа и другите меѓусебни права и обврски.

XVI. Заштита од паѓање од висина или во длабочина

На градилиштето обично има многу места кои претставуваат опасност од паѓање од висина или во длабочина. Тоа се ископи,работни места на висина. За да работата на овие работни места биде осигурана потребно е да се осигураат со:

XVI.1. Заштитна ограда се поставува на сите места каде што постои опсност од паѓање од висина или во длабочина, а се наоѓаат на висина поголема од 1,0 м од тлото или пониска етажа или отвор на работното место. Сите заштитни огради мораат да бидат високи најмалку 1,0 м, со три водорамни пречки. Растојанието меѓу прачките на оградата од дрва не смее да биде поголемо од 30 цм, а пак кај оградата од цевки растојанието во исклучителни случаи може да биде 35 цм. Без оглед на конструкцијата и

врстата на материјал, долната пречка односно долната рабна даска мора да биде висока најмалку 20 цм. Заштитните огради покрај ископите мораат да се забиваат во тлото или на друг начин да се осигураат од поместување и превртување. Заштитните огради мораат да се така цврсти да без оштетување можат да поднесат бочен притисок на ракохватната од 30 кг/м'.

XVI.2. Заштитни поклопци мораат да се постават на сите отвори на тлото или во конструкцијата, ако постои можност за пропаѓање на телото на работникот или само една негова нога. Поклопците мораат потполно да го покријат отворот и мора така да се изведат да се оневозможи нивно поместување.

XVII. Врсти и начини на изведување на градежни скелиња

XVII.1. Скелиња на ногари се користат на грдилиште на повеќе места

Изработка и констуирањето на скелиња исклучиво мора да се врши од стручно оспособени лица, со стручна квалификација,а под стручен надзор на непосредниот раководител и раководителот на градилиштето.

Ќе напоменеме неколку битни работи кои треба да се имааат во предвид при изработка на скелињата, а тоа се:

- Скелето мора да се положи на цврст и рамен терен; во близина не смее да има електрични кабли; работниот под не смее да биде на поголемо растојаное од ѕидот од 20 цм; ширината на подот треба да биде 80 цм и задолжително да има заштитна ограда за височини поголеми од 1,0 м.
- Скелето треба постојано да се контролира особено при пренесувањето.
- Подовите да бидат од талпи со дебелина 5,0 цм и сосем здрави и да се осигурани од лизгање.
- Скели на ногари смеат да се поставуваат најмногу во два реда, а вкупната висина не смее да биде поголема од 4,0 м.
- Скелите на ногари не смее да се поставуваат на кос терен, а секогаш мора да се дијагонално укрутени.

Демонтажа на скелињата мора да се врши од горе кон доле.

XVII.2. Метални скели односно скела од цевки воглавно се користат на градилиштето за работа на фасади, но можат да послужат и за други цели. Без оглед каде се употрбуваат скелињата од цевки мора да се изведат во склад со упатството и прописите. Овие скелиња се поставуваат на тло преку стопала и мосници. Мосниците треба да се поставуваат така да два поперечни столба лежат на една мосница. Начинот на врзување на скелетот за објектот, заштита од удар на ветар најголемите дозволени напрегања, припрема на подлогата за скелето сето тоа е дадено во упатството за монтажа и демонтажа на скелето.

Врз на податоци за типски скели и елементи на прорачун кои што произлегуваат од упатството на произведувачот, за секоја скела на градилиштето раководителот на градилиштето е должен да изработи проект за цевна скела, и да го потпише, па како такво да го приложи со елаборатот и да се чува се до демонтажа на истата. Ако се дојде до сознание дека е потребно да се отстапи од типското решение, раководителот на градилиштето е должен да ги информира соодветните стручни служби во претпријатието и да бара посебна статичка пресметка.

XVIII. Работни места со специфични услови за работа

За специфични работни места, раководителот на градилиштето во соработка со Службата за заштита при работа, потребно е да донесат решение за спроведување на мерките за заштита при работа.

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ



ПРЕГЛЕДНА КАРТА
М 1:25000

АКВА инвест	"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје Друштво за градежништво,трговија и услуги ул."Тодор Чангов 59" 4а тел./ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967 e-mail goakva@gmail.com	инвеститор: Општина Крива Паланка место: м.в. Трнци, с. Конопница, Општина Крива Паланка	
ИДЕЕН ПРОЕКТ :	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА		
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг./х		гр. прилог 1: ПРЕГЛЕДНА КАРТА
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х		
проектант соработник		тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник		М 1:25000	



СИТУАЦИЈА
M 1:5000

ЛЕГЕНДА

PP-HM Канализациона цевка

РШ Ревизиона шахта

"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје
Друштво за градежништво,трговија и услуги
ул."Тодор Чангов 59" 4а
тел/ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967
e-mail goakva@gmail.com

			инвеститор: Општина Крива Паланка
			место: м.в. Трнци, с. Конопница , Општина Крива Паланка
ИДЕЕН ПРОЕКТ:	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА		
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг.		гр.прилог 2: СИТУАЦИЈА
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х		
проектант соработник		тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник		M 1:5000	

ЛЕГЕНДА

PP-HM Канализационa цевка

РШ Ревизиона шахта

СИТУАЦИЈА - ЛИСТ БР. 1

М 1:1000

"АКВА - ИНЖЕЦТ" ДООЕЛ Скопје
Друштво за градежништво, трговија и услуги
ул."Тодор Чакров 59" 4а
тел./ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967
e-mail gaakva@gmail.com

ИДЕЕН ПРОЕКТ:	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА		инвеститор: Општина Крива Паланка место: м.в. Трнци, с. Конопница , Општина Крива Паланка
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг.		гр.прилог 3.1:СИТУАЦИЈА - ЛИСТ БР. 1
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг.гх		
проектант соработник			тех. бр. 009/23
проектант соработник			М 1:1000
			ТИП: X


КРАК 3, DN 315 SN10
КРАК 4, DN 250 SN10
КРАК 44, DN 250 SN10
КРАК 44, DN 200 SN10
КРАК 3, DN 250 SN10
КРАК 4, DN 250 SN10
КРАК 42, DN 250 SN10
КРАК 43, DN 200 SN10
КРАК 4, DN 200 SN10
КРАК 42, DN 200 SN10
КРАК 31, DN 200 SN10
КРАК 9, DN 200 SN10
ЛЕГЕНДА
PP-HM Канализационa цевка
Ревизиона шахта
СИТУАЦИЈА - ЛИСТ БР. 2
М 1:1000
АКВА
"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ Скопје
Дејност: Изградба на објекти, трговија и услуги
ул."Тодор Чепров бр" 3а
тел.+ факс:+389 (0)46 810 - мob. 070 317-067
e-mail: aqua_invest@yahoo.com
инвеститор: Општина Крива Паланка
место: м.в. Трнци, С. Коноречица, Општина Крива Паланка
ИДЕЕН ПРОЕКТ:
ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОРЕЧИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
одговорен проектант: Горан Павловски , дипл.град. инг.
проектант: Васко Филев, дипл.град. инг./х
проектант соработник
проектант соработник
проектант соработник
бр.прилог 3.2:СИТУАЦИЈА - ЛИСТ БР. 2
тех. бр. 009/23
М 1:1000
ТИП: X

Изглед



Основа



Тродимензионален изглед



Пресек/ Изглед



Пресек А-А



РЕВИЗИОНА ПП (ПОЛИПРОПИЛЕНСКА) ШАХТА
М 1:25

АКВА инвест	"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје Друштво за градежништво,трговија и услуги ул."Тодор Чангов 59" 4а тел./ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967 e-mail goakva@gmail.com		инвеститор: Општина Крива Паланка	
			место: м.в. Трнци, с. Конопница , Општина Крива Паланка	
ИДЕЕН ПРОЕКТ :	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА			
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг.		гр.прилог 4: РЕВИЗИОНА ПП (ПОЛИПРОПИЛЕНСКА) ШАХТА	
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х			
проектант соработник			тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник			М 1:25	

Изглед



Пресек А-А



КАСКАДНА РЕВИЗИОНА ПП (ПОЛИПРОПИЛЕНСКА) ШАХТА М 1:25

АКВА инвест	"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје Друштво за градежништво,трговија и услуги ул."Тодор Чангов 59" 4а тел/ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967 e-mail goakva@gmail.com		инвеститор: Општина Крива Паланка	
			место: м.в. Трнци, с. Конопница , Општина Крива Паланка	
ИДЕЕН ПРОЕКТ :	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА			
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг.		гр.прилог 5: КАСКАДНА РЕВИЗИОНА ПП (ПОЛИПРОПИЛЕНСКА) ШАХТА	
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х			
проектант соработник			тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник			М 1:25	

Легенда

1. Машинско затрпување со набивање на ровот со ископаната земја во слоеви од 20 -30 см;
2. Рачно затрпување со набивање на ровот со ископаната земја со мин дебелина 30см; над цевката нанесена во слоеви од по 15 см;
3. Канализациона PP-HM коругирана цевка
4. Подлога од пробрана земја од ископот во мин. слој од 10 см

Табела за ширина на ров

р.бр.	Дијам. на цевка Ø (mm)	Ширина на ров (mm)
1	250	850
2	200	800



ДЕТАЛ НА ИСКОП НА РОВ ЗА НЕАСФАЛТИРАНИ ПОВРШИНИ М 1:25

"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје
Друштво за градежништво,трговија и услуги
ул."Тодор Чангов 59" 4а
тел./ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967
e-mail goakva@gmail.com

инвеститор: Општина Крива Паланка

ИДЕЕН ПРОЕКТ :	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА			
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг./х		гр. прилог 6: ДЕТАЛ НА ИСКОП НА РОВ ЗА НЕАСФАЛТИРАНИ ПОВРШИНИ	
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х			
проектант соработник			тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник			М 1:25	

Легенда

1. Машинско затрпување со набивање на ровот со ископаната земја во слоеви од 20 -30 см;
2. Рачно затрпување со набивање на ровот со ископаната земја со мин дебелина 30см; над цевката нанесена во слоеви од по 15 см;
3. Канализациона PP-HM коругирана цевка
4. Подлога од пробрана земја од ископот во мин. слој од 10 см

Табела за ширина на ров

р.бр.	Дијам. на цевка Ø (mm)	Ширина на ров (mm)
1	250	850
2	200	800



ДЕТАЛ НА ИСКОП НА РОВ ЗА АСФАЛТИРАНИ ПОВРШИНИ М 1:25

"АКВА - ИНВЕСТ" ДООЕЛ,Скопје
Друштво за градежништво,трговија и услуги
ул."Тодор Чангов 59" 4а
тел./ факс 02 2435-870 моб. 070 377-967
e-mail goakva@gmail.com

инвеститор: Општина Крива Паланка

место: м.в. Трнци, с. Конопница , Општина Крива Паланка

ИДЕЕН ПРОЕКТ :	ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА М.В.ТРНЦИ, С.КОНОПНИЦА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА			
одговорен проектант	Горан Павловски , дипл.град. инг./х		гр. прилог 7: ДЕТАЛ НА ИСКОП НА РОВ ЗА АСФАЛТИРАНИ ПОВРШИНИ	
проектант соработник	Васко Филев, дипл.град. инг./х			
проектант соработник			тех. бр. 009/23	ТИП: X
проектант соработник			М 1:25	